# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 6/25
## 30.04.2025 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за енергетска ефикасност за период 2025-2027 година на Општина Неготино**

Се објавува **Програма за енергетска ефикасност за период 2025-2027 година на Општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **29.04.2025** година.

**Бр.09- 851/1**
**30.04.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

# ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

**Општина Неготино**

**Период: 2025 – 2027**

Подготвено од:

**Заедничко одделение за енергетска ефикасност на Вардарски плански регион**

**Република Северна Македонија**

**Општина Неготино**

**Совет на општина Неготино**

**Бр.08-765/3**

**29.04.2025 година**

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 110/21, 236/22, 147/24 и 74/25) член 79 став 1, точка 50 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 и 3/22), а во врска со добиеното Позитивно мислење од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини бр.19-1405/2 од 09.04.2025 година, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **29.04.2025** година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## За енергетска ефикасност за период 2025-2027 година на Општина Неготино

# П Р Е Д Г О В О Р

| **Лица одговорни за развојот на Програмата за Енергетска Ефикасност** | |
|---|---|
| Име: | Ванчо Петров |
| Позиција : | Раководител на Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарски плански регион |
| Мобилен телефон: | 072 – 250 - 976 |
| E-mail: | p.vanco@yahoo.com |
| Потпис(и): | |
| Датум: | |

| **Одобрение на Програмата за Енергетска Ефикасност** | |
|---|---|
| Име: | |
| Позиција : | |
| Потпис/и: | |
| Датум: | |

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ГВ | Градски власти |
| КФС | Компактно флуоресцентни светилки |
| ЦОУ | Централно основно училиште |
| ЕЗ | Европска заедница |
| ЕЕ | Енергетска Ефикасност |
| ПЕЕ | Програма за Енергетска Ефикасност |

| | |
|---|---|
| ESCo | Компанија за енергетски услуги |
| ЕУ | Европска Унија |
| СГ | Стакленички гас |
| СД | Степен ден |
| ЖСВП | Живини светилки со висок притисок |
| МПКП | Меѓувладин панел за климатски промени |
| ЕЛС | Локална единица за самоуправа |
| М&Е | Мониторинг и евалуација |
| МЕПСО | Македонски  Електро Преносен Систем Оператор |
| МКД | Македонски денар |
| ГВ | Градски власти |
| КФС | Компактно флуоресцентни светилки |
| ЦОУ | Централно основно училиште |
| ЕЗ | Европска заедница |
| ЕЕ | Енергетска Ефикасност |
| ПЕЕ | Програма за Енергетска Ефикасност |
| ESCo | Компанија за енергетски услуги |
| ЕУ | Европска Унија |
| СГ | Стакленички гас |
| СД | Степен ден |
| ЖСВП | Живини светилки со висок притисок |
| МПКП | Меѓувладин панел за климатски промени |
| ЕЛС | Локална единица за самоуправа |
| М&Е | Мониторинг и евалуација |
| МЕПСО | Македонско Електро Преносен Систем Оператор |
| МКД | Македонски денар |
| ОВ | Останати (видови) на светилки |
| N/A | Не се применливи |
| NPEEPB | Национална Програма за Енергетска Ефикасност во Јавни објекти |

| | |
|---|---|
| ЖХС | Живини хибридни светилки |
| ЈПП | Јавно приватно партнерство |
| ОЕ | Обновлива енергија |
| РИЕ | Релативен интензитет на енергијата |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| TRACE | Алатка за брза проценка на енергијата со која што располага градот |
| USAID | Американска агенција за меѓународен развој |

# СОДРЖИНА

*ПРЕДГОВОР........................................................................................ 2*

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ ............................................................................ 3

ВОВЕД................................................................................................. 8

1. Цели на програмата...... ......................................................................11

2. Ененргетска политика и регулативи ...................................................22

2.1.1 Локални енергетски политики и регултиви ....................................... 22

2.1.2 Национална енергетска и регулативна политика ..............................23

2.1.3 Европски енергетски политики и регулативи ......................................24

2.1.4 Методологија на подготовка на ПЕЕ .................................................. 25

3. Основни податоци за општината ....................................................... 27

3.1.1 Географски карактеристики и климатски услови ...................... .........27

3.1.2 Преглед на ЕЕ пазарот за анализа ................................................... 35

3.1.3 Потенцијал за искористување на обновливата енергија ................... 36

3.1.4 Општински буџет ................................................................................. 36

4. Преглед на моменталната потрошувачка на енергија ....................... 39

4.1 Сектор вода ......................................................................................... 39

4.2 Питка вода .......................................................................................... 40

4.3 Отпадни води ..................................................................................... 42

4.4. Јавно осветлување ............................................................................... 44

4.5 Сектор објекти ...................................................................................... 46

4.5.1 Општински објекти ............................................................................... 46

4.6 Сектор транспорт ................................................................................... 50

4.7 Сектор цврст отпад ................................................................................ 51

4.8 Сектор индустрија ................................................................................. 52

5. Преглед на потрошувачката на енергија по сектори ........................... 53

6. Влијание врз животната средина – емисија на стакленички гасови....... 56

7. Цели кои треба да се постигнат со примена на мерките за енергетска ефикасност ........................................................................................ 59

8. Финансиски извори за имплементација на програмата за енергетска ефикасност ........................................................................................ 60

9. Временска рамка за имплементација на проектите за енергетска ефикасност и одговорни страни ................................................................ 61

Прилог I ........................................................................................ 64

Прилог II ........................................................................................ 66

Прилог III ........................................................................................67

## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Преглед на потрошувачка на енергија во објектите под управување на Општина Неготино за 2023 година

Табела 2 : Активности и временски распоред за реализација на мерките за ЕЕ

Табела 3: Плански документи на општината

Табела 4: Структура на населението

Табела 5: Општи податоци за општина Неготино

Табела 6 : Анализа на сектори во Програма на енергетска ефикасност

Табела 7 : Потенцијал за искористување на обновливата енергија во општина Неготино

Табела 8: Буџети на општината во период од 2022 – 2024 година

Табела 9: Главни проблеми на Општина Неготино за енергетски инвестиции

Табела 10: Главни еколошки проблеми во Општина Неготино

Табела 11: Приоритетни инвестициони проекти на Општина Неготино во блиска иднина

Табела 12: Потрошувачка на електрична енергија кај водоснабдителните системи во општина Неготино за 2024 година

Табела 13: Карактеристики на опремата на пумпите за вода

Табела 14: Годишна потрошувачка на енергија на секторот вода за пиење

Табела 15: Преглед на осветлени патишта

Табела 16: Структура на изворите на светлина во системот за јавно осветлување

Табела 17: Годишна потрошувачка на електрична енергија за јавното осветлување во референтната година 2024

Табела 18: Преглед на општинските објекти

Табела 19: Преглед на потрошувачката на енергија

Табела 20: Структура на возила за сопствени потреби

Табела 21: Годишна потрошувачка на енергија во секторот транспорт – транспорт за сопствени потреби на општината

Табела 22: Годишна потрошувачка на енергија во секторот за отпад

Табела 23: Годишна потрошувачка на енергија и трошоци по сектор

Табела 24: Вкупна годишна потрошувачка на енергија и $CO_2$ емисии по извор на енергија и по сектор

Табела 25: Листа на ЕЕ проекти избрани за ПЕЕ

Табела 26: Годишни заштеди на енергија

Табела 27: Спроведување на проекти за Енергетска ефикасност вклучени во тригодишната ПЕЕ

Табела 28: Националните индикативни цели за заштеда на енергија во ktoe

## ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1: Организација на РС Македонија по плански региони

Слика 2: Општина Неготино на картата на РС Македонија

Слика 3: Местоположба на Неготино

Слика 4: Општина Неготино со населени места и катастарска поделба

Слика 5: Хидрографска карта на РС Македонија и сливни подрачја

Слика 6: Учество на сектори по потрошена енергија

Слика 7: Потрошувачка на топлинска енергија по општински објекти

Слика 8: Потрошувачка на електрична енергија по општински објекти

Слика 9: Учество на сектори по потрошена електрична енергија

Слика 10: Топлинска енергија по сектори

Слика 11: Емисија на $CO_2$ по сектори

Слика 12: Трошоци за енергија по сектори

Слика 13: Организациона структура за спроведување на програмата

# Вовед

Глобалната заложба за заштита на човековата околина и посебно за намалување на емисиите на стакленички гасови, се уште увозната зависност на РС Македонија од енергија, како и потребата за обезбедување на поголема разноликост, а со тоа и сигурност во снабдувањето со енергија, неминовно наметнуваат зголемено учество на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка на енергија. Но, паралелно со активностите и мерките за зголемување на учеството на обновливите извори на енергија, особено со стварањето на енергетската криза, треба да се усвојат мерки и да се спроведат активности за зголемување на енергетската ефикасност во финалната потрошувачка. На тој начин многу полесно и побргу ќе се исполни целниот процент за учество на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка, но и ќе се подобри конкурентноста на економијата заради намалените трошоци за енергија. Тргнувајќи од фактот дека планетата земја ни е позајмена од идните генерации и заради се поприсутните последици од климатските промени, човештвото е поттикнато да размислува за различни мерки за справување со нив, поради подобрување на состојбата во иднина. Во периодот за време и после енергетската криза, обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност се наметнуваат како логички мерки за задоволување на

потребните количини на енергија и намалување на емисијата на штетни (стакленички) гасови во атмосферата.

И Северна Македонија не е надвор од овие текови и дискусии за реформа на енергетските и климатските политики, иако во периодот пост енергетската криза неколку кратно се зголемија инвестициите во обновливи извори на енергија, а со тоа и производството на ваков вид на енергија. Со зачленувањето во Европската енергетска заедница и следење на Европските директиви и обврските од Кјото протоколот, РС Македонија работи на зголемување на примената на обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност. Истата тема беше на дискусија за емисија на штетни гасови и на последниот голем собир во Баку – Азербејџан, каде најголемите и најразвиени земји се завземаа за намалување на емисиите во наредниот период.

После енергетската криза во 2022 година вложувањата во обновливите извори нагло пораснаа, особено во фотоволтаични централи (со моќност од близу 300 MW), извор кој Македонија во поголемиот период од годината го има во изобилство.

За остварување на националните цели во РС Македонија за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, добар дел од активностите се на локално ниво, бидејќи од конкретното спроведување на мерките на локално ниво зависи и остварувањето на националните цели. Затоа е од суштинско значење подготовката и спроведувањето на Програмата за енергетска ефикасност и акциониот план за 2025 година, Општина Неготино ќе даде свој придонес за енергетска ефикасност, во рамките на своите можности. Воедно, општината се грижи за подобрување и унапредување на животната средина и условите на живот на нејзините граѓани, намалување на невработеноста и развој на локалната економија. За остварување на поставените цели се предвидуваат партнерства на локалната самоуправа со приватниот сектор, владините институции за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и вработувањето, невладини организации, донаторските програми и инвеститори.

Енергетиката, вклучувајќи ги сите нејзини сегменти, има големо влијание врз правилниот и континуиран развој на државите и поради тоа е приоритет на сите позначајни економии. Спроведувањето на мерки за зголемување на енергетската ефикасност, намалување на искористувањето на фосилните горива како и зголемување на употребата на обновливите извори на енергија, се само дел од активностите кои се

превземаат со цел да се зголеми: стабилноста на снабдување со енергија, континуитетот, рационалната употреба на домашните енергетски ресурси, конкурентноста, како и да се намалат: зависноста од увоз на електрична енергија, негативните влијанија врз животната средина и климатските промени предизвиканаи од емисијата на стакленички гасови.

Со цел да се спроведат сите горенаведени активности, во делот на енергетската ефикасност и употребата на обновливите извори на енергија, на светско ниво се изготвени и на сила се повеќе меѓународни договори. Истите се дел и од стратешките определби на Европската унија и истата има развиено програми за поддршка на овие активности кои вклучуваат и финансиска и техничка помош, а за овие програми аплицира и РС Македонија.

Енергијата како поим, и употребата на енергија е важна област на нашето време, свеста на луѓето станува се поважна во однос на заштитата на животната средина, намалување на негативното влијание врз животната средина, намалување на потрошувачката на енергија, подобрување на внатрешни услови за престој и работа на објектите, се битен предуслов за подобро живеење на човекот и сега и во иднина.

Општинските власти (градоначалникот и општинската администрација) треба да бидат свесни дека долгорочното енергетско планирање е клучен елемент за долгорочен економски развој на општината и основа за намалување на влијанието врз животната средина и енергетската зависност.

Одржлива енергетска политика води кон координиран третман на секторот за енергија, заштита на животната средина, климатските промени и регионалниот развој. Затоа уште еднаш ќе го потенцираме суштинското значење на подготовката на Општинската Програма за енергетска ефикасност и акцион план за 2025 година, и нивното спроведување во праксата.

Пред почеток на секоја календарска година, на ниво на општината, се усвојува годишна програма за енергетска ефикасност од страна Советот на Општина Неготино, изработена од одделението за енергетска ефикасност, со која се утврдуваат приоритетните активности за претстојната година од областа на енергетската ефикасност. Оваа програма е во согласност со тригодишната прогарма за енергетска ефокасност на Општината, а согласно истата се изработува акционен план за енергетска ефикасност за следната година .

Во овие документи се утврдува постојната состојба со потрошувачката на енергија и енергенси во објектите во надлежност на општината, се согледува фактичката состојба на објектите под општинска надлежност, можностите за подобрување на енергетските карактеристики на истите, се анализира потрошувачката на енергија и енергенси, се детектираат слабостите при потрошувачката на енергија и енергенси и се предлагаат мерки за енергетска ефикасност,  се наведуваат активностите кои ќе се реализираат во периодот што следи, по локација, време, вредност на инвестиција и очекуван ефект, согласно можностите на општината, се со крајна цел подобрување на енергетската ефикасност.

Влијанието на имплементацијата на локалниот енергетски акционен план секако ќе придонесе кон намалување на потрошената енергија и енергенси, намалување на средствата потрошени за енергија и енергенси, инвестирање на заштедените средства во енергетска ефикасност и подобрување на условите за престој и работа во објектите во надлежност на општината, а секако и кон намалување на емисијата на стакленички гасови во атмосферата, а со тоа и почиста животна средина.

# 1. Цели на програмата

Главна цел на Програмата за енергетска ефикасност на Општина  Неготино за периодот 2025 – 2027 година е:

· **намалување на трошоците за енергија** во општината, пред се во општинските објекти кои се во нејзина надлежност;

· **обезбедување на нормални (стандардно комфорни) услови** за престој и работа во сите простории;

· **намалување на емисијата** на штетни материи во воздухот и околината;

· **поголема примена на обновливи извори** на енергија.

Оваа цел треба да се оствари преку:

· спроведување на модернизирање на зградите кои се сопственост на општината;

· промена на навиките на сите корисници во зградите;

· обука на персоналот задолжен за спроведување и следење на мерките за енергетска ефикасност;

· зголемување на свеста на граѓаните.

Освен тоа, се очекува спроведувањето на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Неготино за периодот 2025 – 2027 година да влијае врз состојбата на општината на следниве начини:

· Обновени енергетски системи и објекти;

· Подобрени санитарни услови и зголемена продуктивност; и

· Зголемена свест за енергетски заштеди кај одговорните лица во општината кои

донесуваат одлуки, извршителите и крајните потрошувачи.

Целите на Општина Неготино се:

· Да се намали потрошувачката на енергија и трошоците за нејзино користење;

· Да се подобри внатрешната атмосфера во работните простории од зградите;

· Градење на капацитети / знаење во општината;

· Поставување / воведување на програм за следење / мониторинг на користењето на енергија;

· Имплементација на демо-проектите (зависи од изнаоѓање на извори на

финансирање);

· Подигнување на јавната свест за рационално користење на енергијата на територија на Општина Неготино и поголема енергетска ефикасност во државните и општинските установи;

· Намалување на трошоците за енергија во државните и општинските установи со цел заштеда на енергија и економски придобивки;

· Формирање на фонд за поддршка на проекти од областа на обновлива енергија;

· Формирање на лоби група од претставници на граѓанскиот сектор, медиуми и

експерти за поддршка на иновативни проекти од страна на локалната и централната власт кои се однесуваат на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

Согласно член 7 од Законот за енергетска ефикасност, Општина Неготино има обврска за изготвување на сопствена локална тригодишна програма за енергетска ефикасност и истата ќе биде за периодот 2025-2027 година. Иницирањето на Програмата е од страна на Градоначалникот и Локалната самоуправа со цел за подобрување на енергетската ефикасност во објектите под општинска управа, искористување на обновливи извори на енергија, водоснабдувањето, преработката на отпадните води, транспртните средства, како и во јавното осветлување. Исто така дополнителна, но многу битна цел е зголемување на свеста кај граѓаните за значењето на енергетска ефикасност, рационално користење на енергијата меѓу населението во општината, што во исто време значи и заштеда на парични средства преку примена на мерките на енергетска ефикасност за да истите бидат употребени за понатамошно усовршување и подобрување на условите за работа и престој во објектите, на состојбите во објектите од јавен интерес со крајна цел зголемена енергетска ефикасност.

Програмата за енергетска ефикасност е изработена од страна на вработените во Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион, во соработка со тимот за енергетска ефикасност на општина Неготино. Во оваа Програма посебен акцент ќе биде ставен на енергетската ефикасност во објектите во надлежност на Општина Неготино, водоснабдувањето и јавното осветлување, како и за подигање на јавната свест за енергетската ефикасност и односот кон енергијата. Јавното осветлување, како комунална услуга и еден голем потрошувач на енергија, со помали парцијални вложувања секогаш е со голем потенцијал за заштеди.

Во сопственост на општината се објекти со различни карактеристики во поглед на видот, периодот и начинот на градбата, големината и намената и истите се користат за обезбедување на услуги за граѓаните и како такви се предмет на тековно одржување. Истото е со водоснабдителните системи во повеќе рурални средини кои се со присилна циркулација на водата, односно се користи електрична енергија за погонување на пумпите за вода, како и со уличното осветлување кое е во целост дозаменето со штедливи ЛЕД светилки, со што потрошувачката на елекртична енергија се сведе на најниско ниво до сега со потрошени 360 000 kWh за 2023 година, а со тоа и трошоците за истата и за одржување се намалени.

Имајќи го ова предвид, со намалувањето на трошоците за енергија на општинските објекти и на услужните дејности на општината, сите граѓани кои живеат во Општина Неготино, ќе имаат директни придобивки од постигнатите заштеди како преку подобрување на услугите така и во делот на подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните во општината, и секако заштита на животната средина.

Изработката на програмата е дел од придонесот кон „Енергетски ефикасна локална Самоуправа“ кој има за цел да ја подигне свеста за енергетска ефикасност кај локалната самоуправа, кај вработените во институциите основани од општината, корисниците на тие институции, како и кај граѓаните на општина Неготино. Со ова општина Неготино дава свој допринос и подршка во напорите за намалување на енергетската интензивност во јавните објекти на локално ниво.

Главниот фокус на општината како активен чинител во граѓанското општество е на следните три области:

- Локален и регионален развој
- Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија
- Унапредување на претприемништвото и економскиот развој

Потребата од „Енергетски ефикасна локална самоуправа“ се реализира од страна на општината и Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион, со седиште во Неготино, и како дел е предвидено да се реализираат следните активности:

1) Детектирање на моменталната состојба на потрошувачка на енергија на објектите кои што се под надлежност на општината, како и потрошувачката на енергија во услугите што ги обезбедува (уличното осветлување, водоснабдувањето, преработка на отпадните води);

2) Мерки за намалување на потрошувачката на енергија во објектите кои што се под надлежност на општината;

3) Мерки за намалување на потрошувачката на енергија во услугите што ги обезбедува општината (уличното осветлување, водоснабдувањето).

4) Контрола на показателите за потрошена енергија во периодот 2022-2024 и периодот 2025-2027

5) Заштеда на енергија, преку намалување на загубите и рационален однос кон енергијата во количина колку што може повеќе **да се избегне непотребното трошење,** подобрување на енергетските карактеристики на објектите и слично, зголемено искористување на обновливи извори на енергија, а се остварливо со препорачани и преземени мерки за енергетска ефикасност.

Општина Неготино во идниот период мора да размислува, согласно најновата законска регулатива, да изгради и сопствени капацитети за производство на електрична енергија, како на пример можноста за изградба на мини хидроцентрала на доводниот цевовод на системот за снабдување со вода за пиење, со што би се покриле потребите за јавното осветлување во општината, или да ја зголеми примената на обновливите извори на енергија (пред се сончевата енергија), за погонување на пумпите за водоснабдување, за производство на електрична енергија за сопствени потреби, како што веќе се поставени во двете основни училишта, за покривање на потребите со санитарна топла вода во училиштата, градинките, спортските сали и слично.

**Тим за енергетска ефикасност:** долга листа на цели на Програмата за ЕЕ
**Општинска зграда**:

- Топлинска изолација на таван на општинската зграда;
- Поставување на соларни колектори за санитарна топла вода на објектот на спортска сала во СРЦ „Младост“
- Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби на покривите на објекти во надлежност на Општина Неготино
- Подобрување на енергетските карактеристики на објектите во надлежност на Општина Неготино (музеј на град Неготино, детски градинки, училишта)
- Промена на topловодни котли од систем за греење во општинска зграда
- Подигање на свеста за значењето на енергетската ефикасност, подобрување на знаењата за ЕЕ и ОИЕ на јавноста

**СОУ „Св. Кирил и Методиј“:**

- Промена на topловодни котли од системот за централно греење
- Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби
- Дозамена на внатрешното осветлување

Дозамена на постоечките прозори во ходниците со енергетски ефикасни

**ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино:**

- Делумна замена на постоечки прозори со енергетски ефикасни

**ПОУ „Страшо Пинџур“, с. Криволак:**

- Модернизација на внатрешното осветлување

**ПОУ „Страшо Пинџур“, с. Пепелиште:**

- Топлинска изолација на таван
- Модернизација на внатрешното осветлување
- ПОУ **„Страшо Пинџур“, с. Војшанци:**
- Топлинска изолација на таван

**ООУ „Гоце Делчев“, Неготино:**

- Промена на топловоден котел од системот за централно греење со примена на топлински пумпи
- Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби, во ПУ во с. Долни Дисан
- Поставување на инвертер клими за греење и ладење

**Детска градинка „Фемо Кулаков“,** Неготино клон „Мајски цвет“:

- Промена на топловодните котли
- Промена на внатрешното осветлување

**Детска градинка „Фемо Кулаков“,** Неготино клон „Пролет“:

- Промена на топловодните котли
- Промена на надворешни врати и прозори

**ЈКП „Комуналец“**

- Поставување на фотоволтаични панели на бунари во с. Тимјаник
- Поставување на фотоволтаични панели на бунари во с. Пепелиште
- Делумна изолација на ѕид во капела

**Листа на Градоначалникот:**

**Општинска зграда**:

- Топлинска изолација на таван на општинската зграда;

- Поставување на соларни колектори за санитарна топла вода на објектот на спортска сала во СРЦ „Младост“

- Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија на покривите на објекти за сопствени потреби, во надлежност на Општина Неготино

- Подобрување на енергетските карактеристики на објектите во надлежност на Општина Неготино (музеј на град Неготино, детски градинки, училишта)

- Промена на топловодни котли од систем за греење во општинска зграда

- Подигање на свеста за значењето на енергетската ефикасност, подобрување на знаењата за ЕЕ и ОИЕ на јавноста

**СОУ „Св. Кирил и Методиј“:**

- Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби

- Промена на топловодни котли од системот за централно греење

- Дозамена на внатрешното осветлување

- Дозамена на постоечки прозори во ходниците со енергетски ефикасни

**ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино:**

-Делумна замена на постоечки прозори со енергетски ефикасни

**ПОУ „Страшо Пинџур“, с. Криволак:**

- Модернизација на внатрешното осветлување

**ПОУ „Страшо Пинџур“, с. Пепелиште:**

- Топлинска изолација на таван

- Модернизација на внатрешното осветлување

**ПОУ „Страшо Пинџур“, с. Војшанци**

- Топлинска изолација на таван

- **ООУ „Гоце Делчев“, Неготино:**
- Промена на топловоден котел од системот за централно греење со примена на топлински пумпи
- Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија во ПУ с. Долни Дисан
- Поставување на инвертер клими за греење и ладење

**Детска градинка „Фемо Кулаков“,** Неготино клон „Мајски цвет“:

- Промена на топловодните котли
- Промена на внатрешното осветлување

**Детска градинка „Фемо Кулаков“,** Неготино клон „Пролет“

- Промена на топловодните котли
- Промена на надворешни врати и прозори

Табела 1: Преглед на потрошувачка на енергија во објектите под управување на Општина Неготино за 2023 година

| р.б. | Тип/Име на објект | Локација | Вкупна површина | Грејна површина | Потрошувачка на енергија пред мерки за ЕЕ (kWh/год.) | | | | | ВК. Финанси |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Објекти во сопственост на општината | | Место | $m^2$ | $m^2$ | Ел.ен. кWh/god | Денари/год. | Енергенс litri,m³ ,kg | Денари/год. | Вкупно kWh/god | ден/год. |
| **Административни објекти** | | | | | | | | | | |
| 1) | Општинска зграда | Неготино | 705 | 705 | 42245 | 490426 | 85187 | 510000 | 127432 | 1000426 |
| 2) | Желкова куќа | Неготино | 246 | 246 | 7368,8 | 80951 | 0 | 0 | 7368,8 | 80951 |
| | **ВКУПНО** | | **951** | **951** | **49613.8** | **571377** | **85187** | **510000** | **134801** | **1081377** |
| **Образование** | | | | | | | | | | |
| 3) | ООУ „Страшо Пинџур“ | Неготино | 3 608 | 3 608 | 29134 | 230046 | 338 870 | 2091048 | 368004 | 2321094 |
| 4) | ПУ„Страшо Пинџур“ | с. Војшанци | 174 | 120 | 1616 | 12004 | 42003 | 236250 | 43619 | 248254 |
| 5) | ПУ„Страшо Пинџур“ | с. Пепелиште | 627 | 527 | 13379 | 104469 | 41125 | 245662 | 54504 | 350131 |
| 6) | ПУ„Страшо Пинџур“ | с. Криволак | 627 | 527 | 13134 | 101380 | 71677 | 232802 | 84811 | 334182 |
| 7) | ПУ„Страшо Пинџур“ | с. Црвени Брегови | 100 | 80 | 823 | 6345 | 23335 | 131119 | 24158 | 137464 |
| 8) | ООУ „Гоце Делчев“ | Неготино | 3 580 | 3 580 | 26126 | 212803 | 303456 | 2084823 | 329582 | 2297626 |
| 9) | ПУ „Гоце Делчев“ | С. Долни Дисан | 1 010 | 548 | 3470 | 28774 | 51220 | 182920 | 54690 | 211694 |
| 10) | ПУ „Гоце Делчев“ | С. Тимјаник | 265 | 265 | 3996 | 31495 | 68632 | 423472 | 72628 | 454967 |
| 11) | ПУ „Гоце Делчев“ | С. Тремник | 310 | 310 | 4046 | 31306 | 35250 | 210468 | 39296 | 241774 |
| 12) | ПУ „Гоце Делчев“ | С. Курија | 260 | 60 | 335 | 315 | 16865 | 38800 | 16900 | 39115 |
| 13) | ООМУ „Владимир Арсовски“ | Неготино | 300 | 106 | 5925 | 60767 | 10575 | 72900 | 16500 | 133667 |
| 14) | СОУ „Св. Кирил и Методиј“ | Неготино | 5 000 | 5 000 | 45507 | 361401 | 165816 | 103951 | 211323 | 465355 |
| | **Вкупно** | | **15 861** | **14 731** | **147491** | **1181105** | **1168824** | **6054215** | **1316015** | **7235320** |
| **Култура** | | | | | | | | | | |
| 15) | Библ „Страшо Пинџур“ | Неготино | 165 | 165 | 7830.2 | 135389 | 0 | 0 | 7830,2 | 135389 |
| 16) | Музеј на град Неготино | Неготино | 630 | 42 | 13982,3 | 204851 | 0 | 0 | 13982,3 | 204851 |
| | **ВКУПНО** | | **885** | **207** | **21812,5** | **340240** | **0** | **0** | **21812,5** | **340240** |
| | **Социјална заштита** | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17) | Д Г „Фемо Кулаков“ клон „Пролет“ | Неготино | 1 280 | 1 280 | 57587 | 590267 | 152797 | 955687 | **210384** | 1545954 |
| 18) | Д Г „Фемо Кулаков“ клон „Мајски цвет“ | Неготино | 1 371 | 1 371 | 51362 | 526460 | 168190 | 1051961 | **219552** | 1587421 |
| 19) | Д Г „Фемо Кулаков“ клон „Темјанушка“ | Неготино | 1 600 | 1600 | 46693 | 478603 | 49004 | 172872 | **95697** | 651475 |
| | **ВКУПНО** | | **4251** | **4251** | **155642** | **159330** | **369991** | **2180520** | **525633** | **3784850** |
| **Спортски сали** | | | | | | | | | | |
| 20) | СРЦ „Младост“ | Неготино | 2 563 | 40 | 12251,7 | 136532 | 0 | 0 | 12251,7 | 136532 |
| 21) | Сп. с. ООУ С. Пинџур | Неготино | 650 | 620 | 2899 | 21995 | 0 | 0 | 2899 | 21995 |
| 22) | Сп. с. СОУ Св. КиМ | Неготино | 1 350 | 1 290 | 14583 | 162493 | 0 | 0 | 14583 | 162493 |
| | **ВКУПНО** | | **4 563** | **1 930** | **29733,7** | **321020** | **0** | **0** | **29733,7** | **321020** |
| **Општински услуги** | | | | | | | | | | |
| 23) | ЈКП „Комуналец“ | Неготино | 355 | 284 | 64583 | 509956 | 43017 | 265442 | 107600 | 775398 |
| | **ВКУПНО** | | **355** | **284** | **64583** | **509956** | **43017** | **265442** | **107600** | **775398** |
| 24) | Улично осветлување | Неготино | **0** | **0** | **360353** | **5037085** | **0** | **0** | **360353** | **5037085** |
| ВКУПНО | | | **26866** | **22354** | **829229** | **8120113** | **1667019** | **6322357** | **2495948,2** | **18575290** |

| р.б. | Тип/Име на објект | Локација | Вкупна површина | Грејна површина | Потрошувачка на енергија пред мерки за ЕЕ (kWh/год.) | | | ВК. Финансии |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Објекти во сопственост на општината | | Место | m$^2$ | m$^2$ | Електри. | Топли. | Вкупно | ден/год. |
| **Административни објекти** | | | | | | | | |
| 1) | Општинска зграда | Неготино | 705 | 705 | 42245 | 85187 | 127432 | 1000426 |
| 2) | Желкова куќа | Неготино | 246 | 246 | 7368,8 | 0 | 7368,8 | 80951 |
| | **ВКУПНО** | | **951** | **951** | **49613.8** | **85187** | **134801** | **1081377** |
| **Образование** | | | | | | | | |
| 3) | ООУ „Страшо Пинџур“ | Неготино | 3 608 | 3 608 | 29134 | 338 870 | 368004 | 2321094 |
| 4) | ПУ„Страшо Пинџур“ | с. Војшанци | 174 | 120 | 1616 | 42003 | 43619 | 248254 |
| 5) | ПУ„Страшо Пинџур“ | с. Пепелиште | 627 | 527 | 13379 | 41125 | 54504 | 350131 |
| 6) | ПУ„Страшо Пинџур“ | с. Криволак | 627 | 527 | 13134 | 71677 | 84811 | 334182 |
| 7) | ПУ„Страшо Пинџур“ | с. Црвени Брегови | 100 | 80 | 823 | 23335 | 24158 | 137464 |
| 8) | ООУ „Гоце Делчев“ | Неготино | 3 580 | 3 580 | 26126 | 303456 | 329582 | 2297626 |
| 9) | ПУ „Гоце Делчев“ | С. Долни Дисан | 1 010 | 548 | 3470 | 51220 | 54690 | 211694 |
| 10) | ПУ „Гоце Делчев“ | С. Тимјаник | 265 | 265 | 3996 | 68632 | 72628 | 454967 |
| 11) | ПУ „Гоце Делчев“ | С. Тремник | 310 | 310 | 4046 | 35250 | 39296 | 241774 |
| 12) | ПУ „Гоце Делчев“ | С. Курија | 260 | 60 | 335 | 16865 | 16900 | 39115 |
| 13) | ООМУ „Владимир Арсовски“ | Неготино | 300 | 106 | 5925 | 10575 | 16500 | 133667 |
| 14) | СОУ „Св. Кирил и Методиј“ | Неготино | 5 000 | 5 000 | 45507 | 165816 | 211323 | 465355 |
| | **Вкупно** | | **15 861** | **14 731** | **147491** | **1168824** | **1316015** | **7235320** |
| **Социјална грижа** | | | | | | | | |
| 15) | Д Г „Фемо Кулаков“ клон „Пролет“ | Неготино | 1 280 | 1 280 | 57587 | 152797 | **210384** | 1545954 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16) | Д Г „Фемо Кулаков“ клон „Мајски цвет“ | Неготино | 1 371 | 1 371 | 51362 | 168190 | **219552** | 1587421 |
| 17) | Д Г „Фемо Кулаков“ клон „Темјанушка“ | Неготино | 1600 | 1600 | 46693 | 49004 | **95697** | 651475 |
| | **ВКУПНО** | | **2 651** | **2 651** | **155642** | **369991** | **525633** | **3784850** |
| **Култура** | | | | | | | | |
| 18) | Библ „Страшо Пинџур“ | Неготино | 165 | 165 | 7830.2 | 0 | 7830.2 | 135389 |
| 19) | Музеј на град Неготино | Неготино | 630 | 42 | 13982,3 | 0 | 13982,3 | 204851 |
| | **ВКУПНО** | | **885** | **207** | **21812,5** | **0** | **21812,5** | **340240** |
| **Спортски сали** | | | | | | | | |
| 20) | СРЦ „Младост“ | Неготино | 2 563 | 40 | 12251,7 | 0 | 12251,7 | 136532 |
| 21) | Сп. с. ООУ С. Пинџур | Неготино | 650 | 620 | 2899 | 0 | 2899 | 21995 |
| 22) | Сп. с. СОУ Св. КиМ | Неготино | 1 350 | 1 290 | 14583 | 0 | 14583 | 162493 |
| | **ВКУПНО** | | **4 563** | **1 930** | **29733,7** | **0** | **29733,7** | **321020** |
| **Општински услуги** | | | | | | | | |
| 23) | ЈКП „Комуналец“ | Неготино | 355 | 284 | 64583 | 43017 | 107600 | 775398 |
| | **ВКУПНО** | | **355** | **284** | **64583** | **43017** | **107600** | **775398** |
| 24) | Улично осветлување | | | | **360353** | 0 | **360353** | **5037085** |
| **В К У П Н О** | | | **26866** | **22354** | **829229** | **1667019** | **2495948,2** | **18575290** |

## *ТАБЕЛА 2: АКТИВНОСТИ И ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МЕРКИТЕ ЗА ЕЕ*

| | *Проект/Активност* | *Корисник* | *Инвестиција (денари)* | *Време на реализација* | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *2025* | | | | *2026* | | | | *2027* | | | |
| 1 | Поставување на соларни колектори за СТВ на спортска сала „Младост“ | Неготино | 300 000 | | | | | | | X | | | X | | |
| 2 | Подобрување на енергетски карактеристики на објекти во општинска надлежност | Неготино | 500 000 | | | X | | | | X | | | | X | |
| 3 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија на покривите на објекти во надлежност на Општина Неготино | Неготино | 2 500 000 | | | | | | X | X | | | X | X | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Топлинска изолација на таван на општинската зграда | Неготино | 300 000 | | | | | | | | | | X | | |
| 5 | Промена на топловодни котли од систем за греење во општинска зграда | Општина Неготино | 1 000 000 | | | X | | | | | | | | | |
| 6 | Подигање на свеста за значењето на енергетската ефикасност, подобрување на знаењата за ЕЕ и ОИЕ на јавноста | Општина Неготино | 100 000 | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 7 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби | СОУ „Св. Кирил и Методиј“ | 2 000 000 | | | | | | X | | | | | | |
| 8 | Промена на топловодни котли од системот за централно греење | СОУ „Св. Кирил и Методиј“ | 1 000 000 | | | | | | | X | | | | | |
| 9 | Дозамена на внатрешното осветлување | СОУ „Св. Кирил и Методиј“ | 300 000 | | | | | | | | | | X | | |
| 10 | Дозамена на постоечките прозори во ходниците со енергетски ефикасни | СОУ „Св. Кирил и Методиј“ | 1 000 000 | | | | | | | | | | | X | |
| 11 | Делумна дозамена на постоечки прозори и врати со енергетски ефикасни | ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино | 500 000 | | | | | | X | | | | | | |
| 12 | Модернизација на внатрешното осветлување | ПОУ „Страшо Пинџур“ с. Криволак | 50 000 | | X | | | | | | | | | | |
| 13 | Модернизација на внатрешното осветлување | ПОУ „Страшо Пинџур“ с. Пепелиште | 50 000 | | X | | | | | | | | | | |
| 14 | Топлинска изолација на таван | ПОУ „Страшо Пинџур“, с.Пепелиште | 50 000 | | | | | | X | | | | | | |
| 15 | Топлинска изолација на таван | ПОУ „Страшо Пинџур“, с.Војшанци | 50 000 | | | | | | X | | | | | | |
| 16 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија | ООУ ПУ „Гоце Делчев“ Долни Дисан | 1 500 000 | | | | | | X | X | | | | | |
| 17 | Промена на топловоден котел од системот за централно греење со примена на топлински пумпи | ООУ „Гоце Делчев“ Неготино | 1 000 000 | | | | | | | X | | | | | |
| 18 | Поставување на инвертер клими за ладење и греење | ООУ „Гоце Делчев“ Неготино | 1 500 000 | X | X | | | | | | | | | | |
| 19 | Промена на внатрешното осветлување | Детска градинка „Фемо Кулаков“, Неготино клон „Мајски цвет“: | 100 000 | | | | | X | | | | | | | |
| 20 | Промена на топловодните котли | Детска градинка „Фемо Кулаков“, Неготино клон „Мајски цвет“: | 1 000 000 | | | X | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Промена на топловодните котли | Детска градинка „Фемо Кулаков“, Неготино клон „Пролет“: | 1 000 000 | | | X | | | | | | | | | |
| 22 | Промена на надворешми врати и прозори | Детска градинка „Фемо Кулаков“, Неготино клон „Пролет“: | 500 000 | | | | | | | | | | | X | |
| 23 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за погонување на пумпи за водоснабдување – Тимјаник | Јавно комунално претпријатие „Комуналец“ | 1 800 000 | | X | X | | | | | | | | | |
| 24 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за погонување на пумпи за водоснабдување – Пепелиште | Јавно комунално претпријатие „Комуналец“ | 1 800 000 | | | | | | X | X | | | | | |
| 25 | Делумна изолација на ѕидови на капела Неготино | Јавно комунално претпријатие „Комуналец“ | 600 000 | | X | X | | | | | | | | | |
| ВКУПНО | | | 18 500 000 | | | | | | | | | | | | |

## 2. АНАЛИЗА НА СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД ОПЕЕ ЗА ПЕРИОД ОД 2022 ДО 2024 ГОДИНА

Во текот на изминатите три години (период на важност на предходната Програма за енергетска ефикасност на Општина Неготино) се реализирани добар дел од предвидените мерки и активности, како и некои кои се наметнале како приоритети во дадениот момент.

Од предвидените мереки и активности се реализирани следните:

- Поставени се соларни вакуумски колектори за санитарна топла вода на објектот на градски стадион – седум броја од 200 литри
- Променето внатрешното осветлување со ЛЕД во СОУ „Св. Кирил и Методиј“
- Променети се дел од постоечките прозори во ходниците со енергетски ефикасни во СОУ „Св. Кирил и Методиј“
- Извршена делумна замена на постоечки прозори со енергетски ефикасни во ООУ „Стрташо Пинџур“
- Поставени се фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби во ООУ „Страшо Пинџур“ со P=40 кW
- Поставени се фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби во ООУ „Гоце Делчев“ со P=40 кW

- Извршена делумна замена на покривна конструкција во СОУ „Св. Кирил и Методиј“
- Поставени се фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби во ООУ „Страшо Пинџур“ со P=40 кW
- Извршена дозамена на класични светилки од уличното осветлување со штедливи ЛЕД светилки
- Извршена промена на внатрешно осветлување во спортска сала во СРЦ „Младост“
- Извршена промена на внатрешно осветлување во спортска сала во ООУ „Страшо Пинџур“.
- Реализирани презентации од енергетска ефикасност во училишта за подигање на свеста за значењето на енергетската ефикасност, подобрување на знаењата за ЕЕ и ОИЕ на јавноста

Со наведените реализирани мерки и активности се овозможи намалена потрошувачка на енергија, пред се електрична, како и потрошувачка на помала количина на енергенси за загревање на објектите под надлежност на Општина Неготино.

Како „капитални“ би ги вброиле поставувањето на соларни вакуумски колектори за санитарна топла вода на објектот на градски стадион – седум броја од 200 литри, фотоволтаиците за производство на електрична енергија за сопствени потреби во ООУ „Страшо Пинџур“ и ООУ „Гоце Делчев“ со инсталиран капацитет P=40 кW, како и зафатите на јавното осветлување.

## 2.1 Енергетска политика и регулативи

Во развојот на сегашната Програма за Енергетска Ефикасност (ПЕЕ) се земени во предвид моменталната и применлива енергетска политика и регулатива како и останатите релевантни стратешки документи.

### 2.1.1 Локални енергетски политики и регулативи

**Табела 3: Плански документи на општината**

| Наслов на документот | Статус | Година | Опис и важност за ПЕЕ |
|---|---|---|---|
| Тригодишна програма за енергетска ефикасност на | Законски | 2022-2024 | Врз основа на детектираните состојби на потрошувачката на енергија и енергенси, состојбата на објектите, се дефинираат мерки за ЕЕ кои ќе се спроведат во |

| Наслов на документот | Статус | Година | Опис и важност за ПЕЕ |
|---|---|---|---|
| општина Неготино | | | наредниот период. |
| Локален еколошки акционен план на општина Неготино | законски | 2011 | Овој документ е битен од аспект на заштита на животната средина, квалитетот на воздухот, заштитата на почвата, водите и шумите, собирањето на отпадот и негова евентуална преработка, снабдувањето со вода и преработката на отпадните води и подигањето на јавната свест. |
| Програма за енергетска ефикасност | Законски | 2024 | Документ за активности на општината од доменот на енергетската ефикасност за 2024 година |
| Годишна програма за работа на заедничкото одделение за енергетска ефикасност на ВПР | Законски | 2024 | Преку програмата за работа на ЗО за ЕЕ на ВПР, се реализираат активности од ЕЕ и пред се, се работи на подигањето на свеста за значењето на ЕЕ и односот кон енергијата кај граѓаните. |
| Акционен план за енергетска ефикасност | Законски | 2024 | Овој документ е дел од Програмата за ЕЕ и е насочен кон конкретни мерки кои ќе се реализираат во претстојната година. |

### 2.1.2 Национална енергетска и регулативна политика

Ова што следува е преглед на моменталното национално законодавство на локалните единици за самоуправа (LSGs).

- Стратегија за подобрување на Енергетската Ефикасност во Република Македонија до 2020та година (Службен весник на Република Македонија бр.143/10).
- Акционен План за Енергетска Ефикасност на Република Северна Македонија
- Стратегија за развој на Енергетиката на Република Северна Македонија до 2030та година (Службен весник на Република Македонија бр.61/10).
- Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија во Република Македонија до 2020та година (Службен весник на Република Македонија бр. 125/10).
- Закон за Енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.16/11).
- Правилник за енергетски карактеристики на зграда (Службен весник на Република Македонија бр. 94/13).
- Правилник за Енергетска контрола (Службен весник на Република Македонија бр.94/13).
- Закон за градење (Службен весник на Република Македонија бр.130/09).
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02).

- Закон за концесии и други видови на Јавно Приватно Партнерство (Службен весник на Република Македонија бр.07/08, 139/08, 64/09 и 52/10).
- Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.61/04).
- Закон за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/05).
- Инструкции за имплементирање на енергетска ефикасност и мерки за заштеда на енергијата, определување на карактеристиките на добрата и услугите за јавни набавки, и спроведување на критериумите во врска со енергетската ефикасност и заштеда на енергија во текот на постапката на наддавање (прибирање на понуди).

### 2.1.3 ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ ПОЛИТИКИ И РЕГУЛАТИВИ

РС Македонија како земја кандидат за полноправно членство во Европската унија има обврска ефикасно да ги спроведе реформите во општествениот систем. Развојот на енергетскиот сектор е од посебно значење.

Во септември 1998-та година, РС Македонија го ратификуваше Договорот за енергетска повелба, Договорот за основање на енергетска заедница, Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени и Кјото Протоколот, за да одтогаш наваму активно учествува во настаните за енергетска ефикасност и климатски промени.

Во согласност со Договорот за основање на енергетска заедница, РС Македонија го усогласува своето законодавство со постојната правна регулатива на Европската Унија за енергија, животна средина, конкуренција, обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност и за нафтени резерви. Во овој контекст, постојат неколку важни директиви во областа на енергетиката кои се наведени подолу· Директива 2010/31/ЕЗ (изменета и дополнета преку 2018/844/ЕЗ) на Европскиот парламент и на Советот од 19 мај 2010 година за енергетските карактеристики на згради;

· Директива 2012/27/EU (изменета и дополнета 2018/2002) на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 за енергетска ефикасност.

Преку следниве закони:

· Закон за енергетика (Службен весник на РСМ бр.96/2019);

· Закон за енергетска ефикасност (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.2.2020

година);

· Закон за градење е („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16,132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“број 244/19);

· Закон за заштита на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);

· Закон за локална самоуправа (Службен весник бр. 5/02);

- Директивата за енергетски карактеристики на згради 2002/91 / ЕС, 2010/31 / EU
- Директивата за енергетска ефикасност и користењето на енергетските услуги и за укинување на Директивата 93/76 / ЕЕС на Советот и 2006/32 / ЕС.
- Директивата 2008/1 / ЕС за интегрирано спречување и контрола на загадувањето
- Директивата 2012/27 / EU за енергетска ефикасност, за изменување на Директивите 2009/125 / ЕС и 2010/30 / EU и укинување на Директивите 2004/8 / ЕС и 2006/32 / ЕС
- Директива за промоција на комбинираното производство на енергија врз основа на побарувачката на корисна топлина на внатрешниот пазар на енергија и за изменување на Директивата 92/42 / ЕЕС, 2004/8 / ЕС.

### 2.1.4 Методологија за подготовка на ПЕЕ

Изготвувањето на ОПЕЕ се состои од методи и правила, кои се реализираат во следните чекори:

1) Прв чекор е собирање на податоци за сите објекти под надлежност на општината, возниот парк, водоснабдителните системи, како и за јавното улично осветлување, и создавање на база на податоци;
2) Втор чекор е дефинирање на целите на ОПЕЕ. За дефинирање на целите, потребно е да се има увид во реалната состојба на објектите во однос на потрошувачката на енергија. Исто така потребно е да се знае

капацитетот и финансиските можности на општината за спроведување на неопходни мерки за подобрување на состојбата преку приоритетизација;

3) Трет чекор е самото спроведување на мерките за енергетска ефикасност во рамките на општината, мониторинг и известување за постигнатите резултати.

# 3. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНАТА

### 3.1.1 Географски карактеристики и климатски услови

Општина Неготино се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија, во Тиквешката котлина т.е во нејзиниот источен дел. Општината се граничи со општините Демир Капија, Конче, Штип, Градско, Росоман и Кавадарци, и има средна надморска висина од 150 метри. Географската конфигурација на теренот е претежно рамничарско-ридски, со постојани водни текови на река Вардар, Луда Мара, Тимјаничка и Војшанска река. Општина Неготино претставува природна, географска и економска целина на 10 населени места, со површина од 426,46 km² каде живеат 18 194 жители со густина на населеност од 42,66 жители/км². Седштето на општината е лоцирано во Неготино (12 488 жители - 61 %) а останатите десет селски населби се: Вешје, Долни Дисан, Тимјаник, Тремник, Дуброво, Војшанци, Пепелиште, Криволак, Црвени Брегови и Курија со вкупно 5 706 жители (39 %) и сите, освен село Вешје, спаѓаат во категоријата рамничарски села.

Подрачјето на општината Неготино зафаќајќи го источниот и централниот дел на Тиквешката котлина, расположена на двете страни од реката Вардар, ги има скоро истите климатски карактеристики како и Тиквешката котлина, т.е се наоѓа во главно под влијание на модифицирана – преобразена медитеранска клима. Благодарение на своите географски особености, ова подрачје е исто така под влијание на континентална клима. Значи подрачјето на општина Неготино нема вообичаени климатски услови така што во поедини години доаѓа до различни изрази на климатските услови.

Медитеранската клима тука допира од Егејското Море, преку Солунскиот залив и долината на реката Вардар. Влијанието на медитеранската клима на подрачјето на општаната се согледува пред се во зголемените средно- годишни температури поради што ова подрачје спаѓа во најтоплите реони на Република Северна Македонија.

Континенталната клима која навлегува во подрачјето од север и северозапад придонесува температурите во одредени годишни времиња, а особено преку зимните

месеци, да не дозволуваат во подрачјето да има типични повеќе годишни претставници на средоземноморската флора.

Планинската клима допира во високите планини ( Кожув, Конечка и Градешка) кој го опкружуваат подрачјето на општината Неготино. Влијанието




Сл. 1 Организација на РС Македонија по плански региони



Сл. 2 Општина Неготино на картата на РС Македонија

на оваа клима се чувствува воглавно на повисоките делови обраснати со шуми, кои во летно време имаат свеж воздух, а преку зимата се под снежна покривка. Средно годишни температури во подрачјето на Неготино изнесуваат и тоа: максимални 20,2, а минимални 8,9, а просечна годишна температура изнесува 14,55 ºC.

Мошне големите температурни промени на подрачјето се резултат на наизменичното влијание на континенталната и медитеранската клима.

Во годините кога влијанието на континенталната клима е поголемо, средногодишните температури се пониски и обратно. Најтопол месец во годината е јули, а најладен е јануари. Преку летниот период (јуни, јули и август) често се јавуваат прави суптропски периоди кои просечно траат од 27 до 30 и повеќе денови.

Главниот акцент за понатамошен економски развој е ставен на следните активности:

1) Развој на земјоделието и создавање на современ аграр, преку целосно искористување на обработливите површини, и изградба на преработувачки капацитети;

2) Развој на лозарството и винарството преку рационално и ефикасно искористување на земјишниот и водениот потенцијал;

3) Креирање на инфраструктура во интерес на развојот на стопанството, лесен пристап до информации за стопанските субјекти, поттикнување и поддршка на странските партнерства со стопанските субјекти од општината, како и соработка и изнаоѓање пазари на сопствените стопански субјекти;

4) Поттикнување на развојот на угостителството и туризмот.

Податоци за општина Неготино:

Табела 4: Структура на населението

| | |
|---|---|
| Број на жители: | 18194 |
| Број на населени места: | 10 |
| Број на месни заедници: | 17 |
| Површина: | 426,46 km² |
| Ден на општината: | 8 Ноември |
| Македонци | 16 877 |
| Срби | 580 |
| Роми | 410 |
| Турци | 220 |
| Останати | 107 |



Сл. 3  Местоположба на Неготино



Сл. 4 Хидрографска карта на РС македонија и сливни подрачја




Сл. 5 Општина Неготино со населени места и катастарска поделба

Општина Неготино под своја надлежност има дваесет и два објекти, уличното осветлување и водоснабдувањето како комунална услуга. Преработката на отпадните води како активност досега не се практикува, но е планирана за во блиска иднина. Објектите кои се под надлежност се: два административни објекти (општинската зграда и објект тн „Желкова куќа“), две централни основни училишта со една спортска сала и осум подрачни основни училишта, општинско основно музичко училиште, едно средно

училиште со спортска сала, детска градинка со три клона, два објекти од културата – музеј на град Неготино и локална библиотека, една спортска сала – СРЦ „Младост“ и едно јавно комунално претпријатие „Комуналец“. Вкупната површина на овие објекти е

26 866 m², а греаната површина е 22 354 m². Сите се од тврда градба, со претежно PVC прозорци и врати, но само кај шест од нив е поставена термоенергетски ефикасна фасада.

Општината сноси трошоци за енергија само за општинската административна зграда, спортската сала СРЦ „Младост“, и објектот „Желкова куќа“. Трошоците се однесуваат на електрична енергија и енергенс за греење во административната зграда, а во другите два објекти само за електрична енергија.

За **2024** година општина Неготино имаше планирано буџет од вкупно 549 280 652.оо, од кој основен буџет се 204 279 298.оо денари.

Општина Неготино со електрична енергија се снабдува од електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија и воглавно целата општина е снабдена со стабилен напон од електроенергетската мрежа.

Со топлинска енергија секој објект се снабдува посебно, а како енергенси се користат: лесно масло за ложење, дрва и помали количини на пелети.

Во општина Неготино, како капацитет и потенцијал постои Термо централа за производство на електрична енергија со инсталирана моќност од 210 MW, која во моментот се користи како ладна резерва во ЕСМ и работи по потреба, но ретко, но се очекува со изградбата и пуштање во употреба на гасоводот од Штип до Неготино и Битола, истата да произведува електрична енергија.

Позначајни проекти за енергетска ефикасност и користење на обновливи извори на енергија се реализирани во последните пет години, претежно привантен капитал за изградба на фотоволтаични централи со различен капацитет. Во близина на градот Неготино, во индустриската зона Дуброво-Тремник, во с. Курија, с. Пепелиште се изградени фотоволтаични централи за производство на електрична енергија од приватен капитал. Други користења на обновливи извори на енергија се релативно високиот процент на вградени сончеви колектори за санитарна топла вода во домаќинствата, некаде над 75 %, а истиот има тренд на постојано зголемување. Во објектите под општинска надлежност вградени се сончеви колектори во клоновите на детската градинка, и во спортсаката сала и кабинети по хемија, во СОУ „Св. Кирил и Методиј“. Во

основните училишта „Страшо Пинџур“ и „Гоце Делчев“ поставени се фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби со инсталирна моќност од по 40 кW.

Најважни енергетски проблеми на општината се сеуште големата потрошувачка на енергија воопшто, недоволната амбиција за енергетска ефикасност, немањето средства за подобрување на карактеристиките на објектите во општинска надлежност, односот кон енергијата, како и немањето сопствени капацитети за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, која би ги задоволила потребите барем за јавното осветлување или водоснабдувањето со присилна циркулација на водата во општината. После замената со ЛЕД светилки, потрошувачката на електрична енергија за јавното осветлување е драстично е намалена за околу 70 % од предходната потрошувачка кога осветлувањето беше со живини и натриумови светилки.

**Табела 5: Општи податоци за општина НЕГОТИНО**

| Опис | Информации |
|---|---|
| Адреса | Ацо Аџи Илов бр. 2 Неготино |
| Веб-сајт | http://negotino.gov.mk |
| Електронска адреса | info@negotino.gov.mk |
| Регион | Вардарски |
| Поштенски број | 1 440 |
| Телефонски префикс | +389 043 |
| ***Карактеристики на општината*** | |
| Површина [$km^2$] | |
| Град ___________ | 24,60 |
| Општина ___________ | 426,46 |
| Број на жители | |
| Град ___________ | 12 488 |
| Општина ___________ | 18 194 |
| Број на домаќинства | |
| Град ___________ | Околу 3 500 |
| Општина ___________ | Околу 1 500 |
| Објекти (згради) | 45 за колективно домување |
| **Земјиште** | |
| Земјоделско земјиште [ha] | 22 303 |
| Шуми [ha] | 37 206 |
| **Географски карактеристики и климатски податоци** | |
| Надморска височина (m) | 150 m |
| Географски карактеристики | |
| ширина ( ° , ” ) | 41° 26´ |
| должина ( ° , ” ) | 21° 08´ |
| Климатска зона | Медитеранска-континентална |
| Климатски податоци | |
| Проектна температура (°C) | -18 |
| Просечна температура за време на грејната сезона (°C) | 1,4 |
| Должина на грејната сезона (денови) | 160 |
| Степен ден за греење (HDD) | 2 230 |
| Степен ден за ладење (CDD) | 2 040 |

### 3.1.2 Преглед на ЕЕ пазарот за анализа

**Табела 6: Анализа на сектори во Програма на енергетска ефикасност**

| Сектори на пазарот | Ниво на општинска контрола | Вклучени во ПЕЕ (Да/Не) | Забелешки |
|---|---|---|---|
| **Основни сектори** | | | |
| Вода | Преку ЈП „Комуналец“ | Да | Контролата во овој сектор е со помош на Управниот одбор на претпријатието кој е составен од Општина Неготино |
| Јавно осветлување | Преку општина | Да | Јавното осветлување во општината е еден од секторите на делување на Општина Неготино |
| Објекти (општински објекти) | Преку општина и ресорни Министерства | Да | Јавните обејекти се целосно под ингеренции на Општина Неготино, освен училиштата,музеј, библиотека и градинките каде што одредени обврски се поделени |
| **Дополнителни сектори** | | | |
| Објекти (приватни објекти) | | | Не е апликативно |
| Транспорт | Возни паркови на општински институции | Да | Општината не располага со јавен транспорт. потребите во училиштата за превоз на ученици и другите потреби за превоз се врши преку избор на превозници избрани на јавен оглас - јавна набавка. |
| Отпад | Јавно комунално претпријатие | Да | Контролата во овој сектор е со помош на Управниот одбор на претпријатието кој е составен од Општина Неготино |
| Напојување и греење | | | Не е апликативно |
| Индустрија | | | Не е апликативно |

### 3.1.3 Потенцијал за искористување на обновливата енергија

**Табела 7: Потенцијал за искористување на обновливата енергија во општина Неготино**

| Обновливи извори на енергија | Опис |
|---|---|
| Јавна општинаска установа детска градинка клон „Мајски цвет" | За задоволување на дел од потребите од санитарна топла вода, вграден е вакуумски сончев колектор со капацитет од 200 litri, а се препорачува удвојување на постојниот капацитет. |
| Јавна општинаска установа детска градинка клон „Пролет" | За задоволување на дел од потребите од санитарна топла вода, вграден е вакуумски сончев колектор со капацитет од 200 litri, а се препорачува удвојување на постојниот капацитет. |
| СОУ „Св. Кирил и Методиј" | За задоволување на дел од потребите од санитарна топла вода, вградени се плочести сончеви колектори со вкупен капацитет од 1 000 litri, а се препорачува зголемување на постојниот капацитет |
| Фотоволтаични централи | Поставени од приватен капитал во повеќе населени места во Општина Неготини |
| ООУ „Страшо Пинџур" | Поставени се фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби со инсталирана моќност од 40 кW |
| ООУ „Гоце Делчев" | Поставени се фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби со инсталирана моќност од 40 кW |
| Сончева енергија | Потенцијал кој мора да се искористи, поради извонредната поставеност и ориентација на општинската зграда, се препорачува поставување на фотонапонски панели за производство на елекрична енергија за сопствени потреби. Системот би бил поврзан на електричната мрежа и изведен без акумулатор за енергија. |
| Ветерна енергија | Во иднина се планира зголемено искористување |
| Хидроенергија | Засега постои студија за изградба на мини хидроцентрала на доводниот цевковод од системот за снабдување со вода на град Неготино, со моќност од 80 до 90 kW. |

### 3.1.4 Општински Буџет

**Табела 8: Буџети на општината во период од 2022 – 2024 година**

| Година | Вкупен буџет на општината (МКД) | Вкупни трошоци за енергија (МКД) | Трошоци за енергија како % од буџетот на општината |
|---|---|---|---|
| 2022 | ВК. 464 533 795.оо/ Основен 173 954 760.оо | 18 593 754 | 4,024 % од вкупен или 10,67 % од основен |
| 2023 | Вк. 529 693 289.оо/ основен 183 873 021.оо | 18 575 290 | 3,50 % од вкупен или 10,1 % од основен |
| 2024 | Вк. 549 280 652.оо/ Основен 204 279 298.оо | 18 650 635 | 3,4 % од основен или 9,12 % од вкупен |

**Табела 9: Главни проблеми на Општина Неготино за енергетски инвестиции**

| Број | Главен енергетски проблем | Влијание | Одговорност |
|---|---|---|---|
| 1 | Голема потрошувачка на енергија воопшто, недоволно залагање за енергетска ефикасност | Мали средства на располагање за овој дел, лошата локална политика во овој дел во изминатиот период , застарени објекти и технологии | Градските власти, раководните лица на институциите,вработените, самите граѓани |
| 2 | Немањето сопствени капацитети за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија | Енормно големи издатоци за енергија, пропуштена можност за подобрување | Законска регулатива, досегашните власти |
| 3 | Деловната политика на локалните властии односот кон обновливите извори на енергија | Релативно големата почетна инвестиција, законските прописи од енергетиката | Локалната власт |
| 4 | Лоши навики кај граѓаните, информираноста за енергетската ефикасност, односот кон енергијата | Зголемено загадување на животната средина, непотребно трошење на средства за енергија | Локалната власт, самите граѓани поединечно |

**Табела 10: Главни еколошки проблеми во Општина Неготино**

| Број | Главни еколошки проблеми | Потребни инвестиции за решавање на проблемите | Одговорност |
|---|---|---|---|
| 1 | Загаден амбиентален воздух, лоши навики на граѓаните и правните лица | Примена на обновливи извори на енергија | Властите и граѓаните |
| 2 | Загадена околина со отпад, лоши навики на граѓаните и правните лица | Селектирање на отпадот и негова преработка | Властите и граѓаните |
| 3 | Загадена почва и подземни води, лоши навики на граѓаните и правните лица | Соодветно собирање и складирање на отпадот на регионална депонија, преработка на отпадните води | Властите и граѓаните |

**Табела 11: Приоритетни инвестициони проекти на Општина Неготино во блиска иднина**

| Број | Приоритетни инвестициони проекти во иднина | Потребни инвестиции |
|---|---|---|
| 1 | Промена на топловодни котли од систем за греење во општинска зграда | 1 000 000 |
| 2 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија на покривите на објекти за сопствени потреби, во надлежност на Општина Неготино | 2 500 000 |
| 3 | Подигање на свеста за значењето на енергетската ефикасност, подобрување на знаењата за ЕЕ и ОИЕ на јавноста | 100 000 |
| 4 | Замена на топловодни котли во детска градинка „Пролет“ | 1 000 000 |
| 5 | Замена на топловодни котли во детска градинка „Мајски цвет“ | 1 000 000 |
| 6 | Модернизација на внатрешното осветлување | 50 000 |
| 7 | Модернизација на внатрешното осветлување | 50 000 |
| 8 | Поставување на инвертер клими за ладење и греење | 1 500 000 |
| 9 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за погонување на пумпи за водоснабдување -Тимјаник | 1 800 000 |
| 10 | Делумна изолација на ѕидови на капела Неготино | 600 000 |
| Вкупно | | 9 600 000 |

# 4. ПРЕГЛЕД НА МОМЕНТАЛНАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

## 4. 1 СЕКТОР ВОДА

Општина Неготино заедно со општина Кавадарци се снабдува со вода од изворот „Лукар“ на Кожуф планина. Водоснабдувањето е по гравитациски пат, при што водата во разделна шахта, која е изградена на територија на општина Кавадарци, се дели 75 % за општина Кавадарци, а 25 % за општина Неготино. Од оваа количина која е за општина Неготино, се снабдува градот Неготно, селото Тимјаник, село Дуброво, повремено село Криволак, војниот полигон „Криволак“ и дел од индустриските капацитети во општината. Оваа количина на вода засега количински ги задоволува потребите на наведените потрошувачи, а како главна причина за честите проблеми е старата и дотраена дистрибутивна мрежа во градот, со чести дефекти и големи загуби на вода. Поради ова се во употреба два бунари во село Пепелиште кои по потреба, а може да се каже и редовно, со пумпи се уфрла дополнителни количини на вода во системот, за ублажување на недостатокот на вода. Во почетокот на 2024 година се изврши бушење на два нови бунари во атарот на с. Тимјаник, кои се очекува наскоро, откако се добија соодветните дозволи од надлежните институции, да се стават во функција за подобрување на водоснабдувањето, а енергијата потребна за пумпите ќе биде произведена од фотоволтаици кои ќе ги постави ЈКП „Комуналец“. Капацитетот на двата бунари е околу 10 l/s. Потенцијали за вакви алтернативни извори за снабдување со вода и погонување со сончева енергија има на повеќе локации.

Другите населени места (вкупно седум: Тремник, Војшанци, Пепелиште, Црвени Брегови, Долни Дисан, Криволак и Курија) во општина Неготино со вода се снабдуваат со комбинирани системи или претежно со системи само со присилна циркулација. Секако дека при ова ќе ја напоменеме големата потрошувачка на електрична енергија за функционирањето на пумпните станици со 8 пумпи со моќност од 15; 5,5; 18; 5,5; 18; 22 и 5,5 kW или вкупно 89,5 kW моќност, за што препорачуваме примена на обновливи извори на енергија – фотоволтаици. Транспортната мрежа е со различна големина, од 1 000 до 5 000 m, или вкупно 15 200 m, со 1 206 приклучоци за околу 5 000 жители.

## 4.2. Питка вода

**Табела 12: Потрошувачка на електрична енергија кај водоснабдителните системи во општина Неготино за 2024 година:**

| Населено место | Тип на водовод | Пумпа | | Потрошувачка (kWh) | | | | Мрежа (m) | | Опслужено население | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на пумпи | Моќност (kW) | Дневно | Годишно | CO2 (kg) | toe | Транспортна | Дистрибутивна | Жители | Приклучоци |
| Тремник | прис.циркулација | 1 | 15 | 240 | 87 600 | 80 154 | 7,532 | 2 200 | 4 500 | 900 | 200 |
| Војшанци | комбинирана | 1 | 5,5 | 88 | 32 120 | 29 390 | 2,762 | 3 000 | 3 000 | 345 | 60 |
| Пепелиште | прис.циркулација | 1 | 18 | 288 | 105 120 | 96 185 | 9,039 | 1 217 | 6 000 | 1013 | 280 |
| Црвени Брегови | прис.циркулација | 1 | 5,5 | 88 | 32 120 | 29 390 | 2,762 | 1 500 | 1 500 | 190 | 56 |
| Долни Дисан | прис.циркулација | 1 | 18 | 216 | 78 840 | 72 140 | 6,779 | 2 500 | 10 000 | 994 | 255 |
| Криволак | прис.циркулација | 1 | 22 | 391 | 142 755 | 130 620 | 12,275 | 5 000 | 15 000 | 966 | 255 |
| Курија | прис.циркулација | 2 | 5,5 | 88 | 32 120 | 29 390 | 2,762 | 1 000 | 5 500 | 330 | 100 |
| **ВКУПНО** | | **8** | **89,5** | **1399** | **510675** | **467269** | **43,911** | **15200** | **45500** | **4738** | **1206** |

Со количината на вода од гравитацискиот водовод од овој вововод, се снабдува градот Неготино, селата Тимјаник и Дуброво, (вкупно околу 14 000 население), а останатите населени места со вода се снаабдуваат со бунарски системи со присилна циркулација на водата.

**Табела 13: Карактеристики на опремата за пумпата на вода**

| | Населено место | Тип на опремата | Старост | Капацитет (l/s) | Тип |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тремник | потопна | 10 | 12 | Истинел |
| 2 | Војшанци | потопна | 7 | 4 | Ловара |
| 3 | Пепелиште | потопна | 8 | 6 | Истинел |
| 4 | Црвени Брегови | потопна | 21 | 6 | Север |
| 5 | Долни Дисан | потопна | 1 | 6 | Ловара |
| 6 | Криволак | потопна | 7 | 16 | Истинел |
| 7 | Курија | со електромотор | 18 | 4 | Север |
| Просек: | | | 10,3 | 7,71 | |
| Вкупната инсталирана моќност на пумпите е **89,5** kW | | | | | |

**Табела 14: Годишна потрошувачка на енергија на секторот вода за пиење**

| Систем за водоснабдување | Број на жители | Годишно производство на вода во 2023 | Потрошувачка на енергија при производство на вода за пиење | Специфична потрошувачка на енергија за водата за пиење | Процент на вода за која не се плаќа надомест |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ($m^3$) | (kWh) | [$kWh/(m^3)$] | (%) |
| Неготино | 12 488 | 2 500 000 | / | / | 8 |
| Тимјаник | 918 | | / | / | |
| Дуброво | 45 | | / | / | |
| Долни Дисан | 994 | 84 096 | 78 840 | 0,94 | / |
| Тремник | 900 | 252 288 | 87 600 | 0,35 | 47 |
| Војшанци | 345 | 84 096 | 32 120 | 0,38 | / |
| Пепелиште | 1 013 | 126 144 | 105 120 | 0,83 | 49 |
| Криволак | 966 | 420 480 | 142 755 | 0,34 | 48 |
| Вешје | 40 | 8 500 | / | / | / |
| Горни Дисан | / | 8 500 | / | / | / |
| Црвени Брегови | 190 | 126 144 | 32 120 | 0,25 | / |
| Курија | 330 | 84 096 | 32 120 | 0,38 | / |
| Липа | 2 | / | / | / | / |
| Брусник | 3 | / | / | / | /.............. |
| Вкупно | **18 194** | **3 685 844** | **510 675** | **/** | **39,25** |

## 4. 3. ОТПАДНИ ВОДИ

Системот за отпадни води во општина Неготино се состои од фекален и атмосферски канализационен систем, засега без пречистителна станица. Должината на фекалниот канализационен систем во градот е околу 45 km, а на атмосферскиот систем околу 15 km. Со фекалниот канализационен систем е покриено целото градско подрачје, додоека со атмосферскиот систем покриеноста е околу 50 % од градот. Градежниот материјал на цевките е дел цементно – азбестни, а дел се ПВЦ, согласно периодот на градба, што значи добар дел се стари и повеќе од 60 години. За функционирање на овие канализациони системи не се користат пумпи, односно нема пумпни станици бидејќи секундарната каналска

мрежа е трасирана по постојните улици, користејќи ги природните падови. На тој начин одведувањето на овие води се врши гравитационо. Постројки за третман на отпадните води засега нема изградено, иако за град Неготино и село Тимјаник се предвидува нејзина изградба пред вливот на Неготинска река во река Вардар. Како што е веќе напомнато, со фекални канализациони системи се опфатени околу 98,55 % од населението во општината, а со атмосферскиот систем нешто повеќе од половина град Неготино. Проблем при вклучувањето во атмосферскиот систем е местоположбата на градот, односно постоењето на системот во критични делови на градот, лоцирана е на критичните места кои подлежат на штетните влијанија на атмосферските води.

Со регулирање на водотеците кои минуваат низ градот, создадена е можност за испуштање на атмосферските канали директно во нив, со што е избегнато формирањето на големи долги и скапи канали за собирање и одведување на атмосферските води.

Во руралните средини со фекален канализационен систем не се опфатени селата Вешје, Црвени Брегови и Дуброво со околу 270 жители (1,48 % ) од општина Неготино. И во овие средини во блиска иднина се предвидува изградба на фекален канализационен систем.

Активности поврзани со енергетска ефикасност во системот на санитарна вода, освен поединечните реализации во индивидуалните станбени објекти на граѓаните, и во јавните објекти-клонови на детска градинка, други не се реализирани. Од искористување на обновливите извори на енергија поставени се фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби во двете централни основни училишта со капацитет од по 40 kW, а во оваа Програма за ЕЕ на Општина Неготино се препорачува изградба на фотоволтаична централа или на мини хидро централа на доводниот цевовод на системот за снабдување со питка вода, која со оглед на количината на вода и геодетскиот пад на цевоводот, би ги задоволила потребите за јавното осветлување на Општина Неготино. Сето ова одсега може да се планира, со оглед на новодонесената законска регулатива од областа на енергетиката, односно новиот Закон за енергетика и законот за енергетска ефикасност. Втора активност која е реализирана е во СОУ „Св. Кирил и Методиј“ во спортската сала со сончеви колектори за задоволување на потребите со санитарна топла вода во спортската сала и кабинетите по хемија и прехранбена технологија.

Друга опција за енергетска ефикасност во системите за водоснабдување е да се размислува за нови извори на вода кои по геодетски пат би доаѓале до потрошувачите, а такви

потенцијални можности има за населените места Долни Дисан, Вешје, Горни Дисан, Тремник, Војшанци, Пепелиште и Криволак.

Локалната самоуправа и покрај напорите што ги прави во поглед на подобрување на водоснабдувањето, како главен проблем се јавува менаџирањето во изминатиот период, и недостигот на финансиски средства.

# 4.4 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**15: Преглед на осветлени патишта**

| Вид на патишта | Вкупна должина на патот (km) | Вкупно осветлени патишта (km) | Процент на осветлени патишта (%) |
|---|---|---|---|
| Главни улици | 5 | 5 | 100 |
| Споредни улици | 20 | 20 | 100 |
| Вкуно | 25 | 25 | 100 |

**ТАБЕЛА 16: Структура на изворите на светлина во системот за јавно осветлување**

| Тип на осветлување | Тип на столбови | Инсталирана моќност (W) | Број на светилки | Вкупен број на светилки | Вкупна инсталирана моќност (kW) |
|---|---|---|---|---|---|
| LED | Дрвен 6 m | 26 | 857+35 | 892 | 23,192 |
| LED | Дрвен 6 m | 30 | 452+53+20 | 525 | 15,15 |
| LED | Метален 10 m | 64 | 101+7 | 108 | 7,094 |
| Останати стари Hg | Дрвен 6 m | 125 | 100 | 100 | 12,5 |
| Канделабри | Метален 4 m | 40 | 30 | 30 | 1,2 |
| Канделабри | Метален 4 m | 125 | 600 | 600 | 75 |
| Рефлектори метал-халогени | Метален 10 m | 1 000 | 51 | 51 | 65,00 |
| Рефлектори Hg | Метален 10 m | 400 | 19 | 19 | 7,60 |
| Рефлектори ЛЕД | Метален 6 m | 200 | 2+8+20 | 30 | 2,00 |
| **ВКУПНО:** | | | **2 355** | **2 255 (2261 C+94 P)** | **209,136** |
| **Вкупен број на столбови** | | | | **2 262** | |
| **Број на прегорени светилки** | | | | **Променливо** | **Променливо** |

**Табела 17: Годишна потрошувачка на електрична енергија за јавното осветлување во референтната година 2020**

| Систем на јавно осветлување | Број на осветлени столбови | | Вкупна должина на патишта | | Вкупна должина на осветлени патишта | Потрошувачка на електрична енергија во јавното осветлување | Потрошувачка на електрична енергија за осветлен столб | Потрошена електрична енергија за km од градските патишта | % на градски осветлени патишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (пар) | | (km) | | (km) | (kWh/a) | [kWh/(по столб)] | [kWh/(km)] | (%) |
| | 90 | | 25 | | 23 | 360 353 | 159,307 | 7 065,74 | 95 |
| | 1 095 | | 26 | | 22 | | | | |
| Вкупно | **2 262** | | **51** | | **45** | **360 353** | **159,307** | **7 065,74** | **95** |

# 4.5 СЕКТОР ОБЈЕКТИ

## 4.5.1 ОПШТИНСКИ ОБЈЕКТИ

**Табела 18: Преглед на општинските објекти**

| Вид на општинска зграда | Опис | Број | Вкупна површина ($m^2$) |
|---|---|---|---|
| Образовни објекти | Средно општинско училиште „Св. Кирил и Методиј“ | 1 | 5 000 |
| | Основно музичко училиште „Владимир Арсовски“ | 1 | 300 |
| | Општинско основно училиште „Гоце Делчев“ и 4 ПУ во Долни Дисан, Тимјаник, Тремник и Курија | 5 | 5 425 |
| | Општинско основно училиште „Страшо Пинџур“ и 4 ПУ во Војшанци, Пепелиште, Криволак и Црвени Бреготви | 5 | 5 136 |
| Објекти за социјална грижа | Јавна општинска установа детска градинка „Фемо Кулаков“ клон „Пролет“ | 1 | 1 280 |
| | Јавна општинска установа детска градинка „Фемо Кулаков“ клон „Мајски цвет“ | 1 | 1 371 |
| | Јавна општинска установа детска градинка „Фемо Кулаков“ клон „Темјанушка“ | 1 | 1 600 |
| Објекти од култура | Музеј на град Неготино | 1 | 630 |
| | Бибилиотека „Страшо Пинџур“ | 1 | 165 |
| Општински административни објекти | Општинска администартивна зграда | 1 | 705 |
| | Објект „Желкова куќа“ | 1 | 246 |
| Спортски објекти | Спортска сала СРЦ „Младост“ | 1 | 2 563 |
| | Спортска сала ООУ „Страшо Пинџур“ | 1 | 650 |
| | Спортска сала СОУ „Св. Кирил и Методиј“ | 1 | 1 350 |
| Комунални претпријатија | ЈКП „Комуналец“ | 1 | 355 |
| | **ВКУПНО** | **22** | **26 866** |

### Табела 19: Годишна потрошувачка на енергија во општинските објекти

| Краен корисник | Број на станари | Вкупна површина на зградата | Вкупна грејна површина | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на топлинска енергија | Вкупна потрошувачка на енергија | Специфична потрошувачка на електрична енергија | Специфична потрошувачка на топлинска енергија | Специфична потрошувачка на енергија | Трошоци на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | $m^2$ | $m^2$ | kWh | kWh | kWh | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | МКД |
| **Образовни објекти** | | | | | | | | | | |
| ООУ „Страшо Пинџур“ | 730 | 3 608 | 3 608 | 29 134 | 338 870 | 368 004 | 8,07 | 93,92 | 101,996 | 2 321 094 |
| ООУ „Страшо Пинџур“ спортска сала | 730 | 650 | 650 | 2 899 | 0 | 2 899 | 4,46 | 0 | 4,46 | 21 995 |
| ПУ„Страшо Пинџур“ Војшанци | 21 | 174 | 120 | 1 616 | 42 003 | 43 619 | 13,466 | 350,025 | 363,49 | 248 254 |
| ПУ„Страшо Пинџур“ Пепелиште | 100 | 627 | 527 | 13 379 | 41 125 | 54 504 | 25,38 | 78,036 | 103,423 | 350 131 |
| ПУ„Страшо Пинџур“ Криволак | 100 | 627 | 527 | 13 134 | 71 677 | 84 811 | 24,922 | 135,99 | 160,93 | 334 182 |
| ПУ„Страшо Пинџур“ Црвени Брегови | 25 | 100 | 80 | 823 | 23 335 | 24 158 | 10,28 | 291,68 | 301,975 | 137 464 |
| ООУ „Гоце Делчев“ | 775 | 3 580 | 3 580 | 26 126 | 303 456 | 329 582 | 7,297 | 84,764 | 92,062 | 2 297 626 |

| Краен корисник | Број на станари | Вкупна површина на зградата | Вкупна грејна површина | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на топлинска енергија | Вкупна потрошувачка на енергија | Специфична потрошувачка на електрична енергија | Специфична потрошувачка на топлинска енергија | Специфична потрошувачка на енергија | Трошоци на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | $m^2$ | $m^2$ | kWh | kWh | kWh | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | МКД |
| ПУ „Гоце Делчев“ Долни Дисан | 113 | 1 010 | 548 | 3 470 | 51 220 | 54 690 | 6,332 | 93,467 | 99,799 | 211 694 |
| ПУ „Гоце Делчев“ Тимјаник | 67 | 265 | 265 | 3 996 | 68 632 | 72 628 | 15,079 | 258,988 | 274,087 | 454 967 |
| ПУ „Гоце Делчев“ Тремник | 53 | 310 | 310 | 4 046 | 35 250 | 39 296 | 13,051 | 113,71 | 126,761 | 241 774 |
| ПУ „Гоце Делчев“ Курија | 12 | 260 | 60 | 335 | 16 685 | 16 900 | 5,583 | 278,08 | 281,666 | 39 115 |
| ООМУ „Владимир Арсовски“ | 120 | 300 | 106 | 5 925 | 10 575 | 16 500 | 55,90 | 99,76 | 155,603 | 133 667 |
| СОУ „Св. Кирил и Методиј“ | 720 | 5 000 | 5 000 | 45 507 | 165 816 | 211 323 | 9,101 | 33,163 | 45,264 | 465 355 |
| СОУ „Св. Кирил и Методиј“ спортска сала | 640 | 1 350 | 1 350 | 14 583 | 0 | 14 583 | 10,802 | 0 | 10,802 | 162 493 |

| Краен корисник | Број на станари | Вкупна површина на зградата | Вкупна грејна површина | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на топлинска енергија | Вкупна потрошувачка на енергија | Специфична потрошувачка на електрична енергија | Специфична потрошувачка на топлинска енергија | Специфична потрошувачка на енергија | Трошоци на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | $m^2$ | $m^2$ | kWh | kWh | kWh | $kWh/(m^2)$ | $kWh/(m^2)$ | $kWh/(m^2)$ | МКД |
| **Вкупно за Образовни објекти** | | **15 861** | **14 731** | **164 973** | **1 168 824** | **1 333 797** | **14,98** | **136,541** | **151,594** | **7 235 320** |
| **Објекти за социјална грижа** | | | | | | | | | | |
| Д Г „Фемо Кулаков“ клон „Пролет“ | 250 | 1 280 | 1 280 | 57 587 | 152 797 | 210 384 | 44,98 | 119,37 | 164,36 | 1 545 954 |
| Д Г „Фемо Кулаков“ клон „Мајски цвет“ | 260 | 1 371 | 1 371 | 51 362 | 168 190 | 219 552 | 37,46 | 122,67 | 160,14 | 1 587 421 |
| Д Г „Фемо Кулаков“ клон „Темјанушка“ | 270 | 1 600 | 1 600 | 46 693 | 49 004 | 95 697 | 29,18 | 30,63 | 59,81 | 651 475 |
| **Вкупно за објекти за социјална грижа** | **780** | **4 251** | **4 251** | **155 642** | **369 991** | **525 633** | **37,206** | **90,89** | **128,103** | **3 784 850** |
| **Општински административни објекти** | | | | | | | | | | |
| Општинска зграда | 100 | 705 | 705 | 44 245 | 85 187 | 127 432 | 59,92 | 120,83 | 180,75 | 1 000 426 |
| Желкова куќа | 13 | 246 | 246 | 7 368,8 | 0 | 7 368,8 | 29,95 | 0 | 29,95 | 80 951 |

| Краен корисник | Број на станари | Вкупна површина на зградата | Вкупна грејна површина | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на топлинска енергија | Вкупна потрошувачка на енергија | Специфична потрошувачка на електрична енергија | Специфична потрошувачка на топлинска енергија | Специфична потрошувачка на енергија | Трошоци на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | $m^2$ | $m^2$ | kWh | kWh | kWh | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | МКД |
| | | | | | | | | | | |
| Вкупно за општински административни објекти | | 951 | 951 | 49613,8 | 85 187 | 134 800,8 | 44,935 | 60,415 | 105,35 | 1 081 377 |
| ВКУПНО: | | 21063 | 19933 | 370 228,8 | 1 624 002 | 1 994 230,8 | 32,373 | 95,948 | 128,349 | 4 033 849 |

## 4.6 СЕКТОР ТРАНСПОРТ

За потребите на анализата на енергетската потрошувачка, секторот транспорт во Неготино е поделен на следните потсектори:

- Возен парк во сопственост на општина Неготино и јавни институции кои доставија податоци;
- Јавен превоз;
- Приватни и комерцијални возила.

Не постои организиран јавен превоз во Неготино, освен посебни договори за превоз на ученици.

Општина Неготино не располага со средства за јавен транспорт, ниту пак се јавува како основач на такво јавно претпријатие за јавен транспорт.Расположивите возила се наменети за сопствени потреби, за извршување на секојдневните потреби и обврски.

Активности поврзани со енергетската ефикасност во оваа област се во вид на препораки при набавката на возила за свои или потребите на јавното комунално претпријатие, во тендерската документација задолжително да влегува и економичноста на возилото, односно помала потрошувачка на гориво.

**Табела 20: Структура на возила за сопствени потреби**

| Категорија на возило ЕСЕ | Тип на гориво | Вкупен број на возила | Просечна старост (год) | Вкупен број на изминати километри (км) / 2021 год. |
|---|---|---|---|---|
| Патничко пасат | Дизел | 1 | 11 | 236 115 |
| Патничко пежо | Бензин | 1 | 18 | 360 500 |
| Патничко цитроен | Бензин | 1 | 1 | 28 500 |
| Патничко цитроен | Бензин | 1 | 1 | 22 730 |
| | | 4 | 7,5 | 647 845 |

**Табела 21*:* Годишна потрошувачка на енергија во секторот транспорт – транспорт за сопствени потреби на општината**

| Тип на гориво | Единица мерка | Количина | Вкупна годишна потрошувачка на енергија (kWh/a) | Вкупна годишна потрошувачка на енергија (MJ/a) | Вкупни трошоци за енергија (МКД/а) |
|---|---|---|---|---|---|
| Бензин | l (литри) | 2 638 | 24 058 | 86 608 | 211 030 |
| Дизел | l (литри) | 1 875 | 18 488 | 66 556 | 137 220 |
| Биодизел | l (литри) | / | / | / | / |
| Течен нафтен гас | l (литри) | / | / | / | / |
| Компресиран природен гас (КПГ) 200 бари | Kg | / | / | / | / |
| Електрична енергија | kWh | / | / | / | / |
| **Вкупно** | ***/*** | **4 513** | **42 546** | **153 164** | **348 250** |

## 4.7 Сектор цврст отпад

Во општина Неготино постои организиран начин на собирање и транспорт на комуналниот отпад до депонијата која е од времен карактер, а со тој статус е од 1957 година. Депонијата се наоѓа на оддалеченост од 6 km од градот. Истата е делумно оградена, има делумна инфраструктура, отпадот се отстранува без никаков третман. Просторот на околината е деградиран, неуреден, со непријатни миризби и при ветровити денови, лесниот отпад се разнесува по околните земјоделски површини. Исцедокот и атмосферските води од депонијата ги загадуваат површинските и подземните води кои се дел од сливното подрачје на реката Вардар.

За жал рециклирањето се сведува на совесноста на одреден број на граѓани кои самоиницијативно го селектираат отпадот и како таков го предаваат на некои нерегистрирани собирачи на отпад. Третман на отпадот се уште не постои. Планирана е регионална депонија за комунален отпад, која треба да биде лоцирана на територијата на општина Росоман, на која ќе се врши преработка и рециклирање

на отпадот. Активирањето е предвидено во блиска иднина.

**Табела 22: Годишна потрошувачка на енергија во секторот за отпад**

| Отпад | Број на жители | Вкупна годишна количина на произведен отпад | Отпад по жител |
|---|---|---|---|
| | 18 194 | (kg/a) | [kg/по жител] |
| 2022 година | 18 194 | 5 200 000 | 286 |

## 4.8 Сектор индустрија

Општина Неготино не располага со сигурни податоци за потрошувачката на енергија во секторот индустрија, бидејќи станува збор за приватен сектор, варијабилни состојби со функционирањето на субјектите, па затоа нема да даваме паушални проценки.

Податоците за потрошувачка на енергија во индустријата според Државниот завод за статистика се водат по региони и без дополнителни показатели, не може да се издвои делот на општина Неготино.

ИСО стандардите за управување со системи за потрошувачка на енергија не се употребуваат во широка примена во Неготино, а и податоците од нивната примена не се јавни.

# 5. ПРЕГЛЕД НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА ПО СЕКТОРИ

**Табела 23: Годишна потрошувачка на енергија и трошоци по сектор**

| Тип на Сектор | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на енергија за другите извори на енергија | | | | Вкупна потрошувачка на енергија | Трошоци за електрична енергија | Трошоци за други извори на енергија | Вкупни трошоци за енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Екстра лесно масло | Дрво | Дрвени пелети | Вкупно за другите извори на енергија | | | | |
| | [kWh] | [kWh] | [kWh] | [kWh] | [kWh] | [kWh] | [МКД] | [МКД] | [МКД] |
| **Сектор за вода** | | | | | | | | | |
| Питка вода | 510 675 | 0 | 0 | 0 | 0 | 510 675 | 5 872 762 | 0 | 5 872 762 |
| **Сектор за јавно осветлување** | | | | | | | | | |
| Јавно осветлување | 360 353 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360 353 | 5 037 085 | 0 | 5 037 085 |
| **Сектор општински објекти** | | | | | | | | | |
| Образовни објекти | 147 491 | 1 014 944 | 88 542 | 65 338 | 1 168 824 | 1 316 015 | 1 181 105 | 1 168 824 | 2 349 929 |
| Објекти за социјална грижа | 155 842 | 320 987 | 0 | 49 004 | 369 991 | 525 633 | 159 330 | 2 180 520 | 2 339 850 |
| Општински административни објекти | 49 614 | 85 187 | 0 | 0 | 85 187 | 134 801 | 571 377 | 510 000 | 1 081 377 |
| **Вкупно за секторот за општински објекти** | **352 947** | **1 421 118** | **88 542** | **114 342** | **0** | **2 847 477** | **12 821 659** | **3 859 344** | **16 681 003** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сектор транспорт** | | | | | | | | | |
| Транспорт за сопствени потреби | **/** | **/** | **/** | **/** | 42 546 | 42 546 | / | 348 250 | **348 250** |
| **ВКУПНО** | **1 223 975** | **1 624 002** | | | | **3 761 051** | **23 731 506** | **4 207 594** | **27 939 100** |







Сл.6 Потрошувачка на топлинска енергија по општински објекти

Сл.7 Потрошувачка на електрична енергија по општински објекти







Сл. 8 Учество на сектори по потрошена електрична енергија

Сл. 9 Учество на сектори по потрошена топлинска енергија

# 6. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА – ЕМИСИЈА НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ

**Табела 24: Вкупна годишна потрошувачка на енергија и $CO_2$ емиисии по извор на енергија и по сектор**

| Извор на енергија | Фактори на емисија[1] | Сектор вода | | Сектор јавно осветлување | | Сектор општински објекти | | Сектор транспорт | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Потрошувачка на енергија | $CO_2$ емисии | Потрошувачка на енергија | $CO_2$ емисии | Потрошувачка на енергија | $CO_2$ емисии | Потрошувачка на енергија | $CO_2$ емисии |
| | kg $CO_2/kWh_{eq}$ | kW | kg $CO_2$ | kWh | kg $CO_2$ | kWh | kg $CO_2$ | kW | kg $CO_2$ |
| Електрична енергија | 0.915 | 510 675 | 467 268 | 360 353 | 329 723 | 468 576 | 428 747 | 0 | 0 |
| Екстра лесно масло | 0.267 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 464 135 | 390 924 | 0 | 0 |
| Мазут | 0.279 | 0 | 0 | 0 | 0 | / | | | |
| Природен гас | 0.202 | | 0 | 0 | 0 | / | | | |
| Лигнит (кафеав јаглен) | 0.364 | 0 | 0 | 0 | 0 | / | | | |
| Дрво | 0 (0.403)[2] | 0 | 0 | 0 | 0 | 88 542 | 35 682 | | |
| Дрвени пелети | 0 (0.403)[3] | 0 | 0 | 0 | 0 | 114 342 | 46 080 | | |

[1] Извор: "Правилник за енергетска контрола", Службен весник број 94 од 04.07.2013. Стапено во сила од 12.07.2013

[2] 0 kg CO2 / kWh е вредноста напишана во Правилникот за енергетска контрола. Спореддата со "Насоките за IPCC, 2006, Национален инвентар на стакленички гасови, том 2: Енергетика" покажа вредност од 0,403 kg CO2 / kWh за дрво / дрвени отпадоци.

[3] 0 kg CO2 / kWh е вредноста напишана во Правилникот за енергетска контрола. Спореддата со "Насоките за IPCC, 2006, Национален инвентар на стакленички гасови, том 2: Енергетика" покажа вредност од 0,403 kg CO2 / kWh за дрво / дрвени отпадоци.

| Извор на енергија | Фактори на емисија [1] | Сектор вода | | Сектор јавно осветлување | | Сектор општински објекти | | Сектор транспорт | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Потрошувачка на енергија | $CO_2$ емисии | Потрошувачка на енергија | $CO_2$ емисии | Потрошувачка на енергија | $CO_2$ емисии | Потрошувачка на енергија | $CO_2$ емисии |
| | kg $CO_2/kWh_{eq}$ | kW | kg $CO_2$ | kWh | kg $CO_2$ | kWh | kg $CO_2$ | kW | kg $CO_2$ |
| Бензин | 0.249 | 0 | 0 | 0 | 0 | / | / | 24 058 | 5990 |
| Дизел | 0.267 | / | / | / | / | / | / | 18 488 | 4 936 |
| ТНГ (пропан-бутан) | 0.227 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Топлинска енергија (централно греење) | 0.259 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | | **510 675** | **467 268** | **360 353** | **329 723** | **2 165 595** | **855 400** | **42 546** | **10 926** |




Сл. 10  Емисија на $CO_2$ по сектори




Сл. 11 Трошоци за енергија по сектори

**Табела 25: Листа на ЕЕ проекти избрани за ПЕЕ**

| Сектор | Проект за Енергетска ефикасност | Првичен (прелиминарен) трошок (МКД) | Потенцијал на енергетски заштеди (kWh) | Потенцијал на енергетски заштеди (МКД) | Намалување на емисиите на $CO_2$ ($tCO_2$) | Период на исплата (години) | Брзина на имплементација (години) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЈКП Комуналец | | 4 200 000 | 45 000 | 675 000 | 41 175 | 6,2 | 2 |
| Образование | | 7 000 000 | 47 000 | 705 000 | 43 005 | 9,92 | 3 |
| Администрација | | 4 700 000 | 70 000 | 1 050 000 | 51 090 | 4,47 | 3 |
| Социјална грижа | | 2 600 000 | 9 300 | 139 500 | 2 483 | 18,63 | 3 |
| В К У П Н О | | 18 500 000 | 171 300 | 2 569 500 | 137 753 | | |

# 7. ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ СО ПРИМЕНАТА НА МЕРКИТЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Со примената на планираните мерки за енергетска активност, се очекува да се постигнат целите на нивното имплементирање кое треба да резултира со:

- Намелена потрошувачка на електрична енергија во секторите
- Намелена потрошувачка на енергенси во секторите
- Намалени финансиски давачки за електрична енергија
- Намалени финансиски давачки за набавка на енергенси
- Помала емисија на $CO_2$ во атмосферата
- Зголемена примена на обновливи извори на енергија
- Почиста животна средина

**Табела 27: Спроведување на проекти за енергетска ефикасност вклучени во тригодишната ПЕЕ и ОДГОВОРНИ ЛИЦА за реализација**

| Број | Проекти за Енергетска ефикасност | Опис | Извор на финансирање | Период на имплементација | Одговорно лице | Пристап на имплементирање (јавни набавки, рокови, активности, соработка и слично) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби | Сопствени средства | 2025/26 | Градоначалник | 2025 |
| 2 | | Замена на топловодни котли во детска градинка „Пролет“ | Влада на РСМ | 2025 | Директор | 2025 |
| 3 | | Замена на топловодни котли во детска градинка „Мајски цвет“ | Влада на РСМ | 2025 | Директор | 2025 |
| 4 | | Поставување на фотоволтаици за производство на | Сопствен буџет | 2025/26 | Градоначалник | 2022/23 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | електрична енергија за сопствени потреби во СО „Св. Кирил и Методиј“ | | | | |
| 5 | | Поставување на соларни колектори за СТВ на спортска сала „Младост“ | Сопствен буџет | 2022/23 | Градоначалник | 2022/23 |
| 6 | | Подобрување на енергетски карактеристики на објекти во општинска надлежност | Сопствен буџет | 2025/26/27 | Градоначалник | 2025/26/27 |
| 7 | | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија за сопствени потреби | ЈКП | 2025 | Директор | 2025 |
| 8 | | Поставување на делумна изолација на капела | ЈКП | 2025 | Директор | 2025 |

**Табела 26: Годишни заштеди на енергија**

| Проект број | Проект за Енергетска ефикасност | Вкупна потрошувачка на енергија пред мерките за ЕЕ | Вкупна потрошувачка на енергија после мерките за ЕЕ | Очекувана вкупна заштеда на енергија | | Вкупна заштеда на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (kWh) | (kWh) | (kWh) | (toe*) | (%) |
| **Сектор администрација** | | | | | | |
| | | 134 801 | 89 801 | 45 000 | 3,8693 | 33,3825 |
| **Сектор образование** | | | | | | |
| | | 1 316 015 | 1 269 015 | 47 000 | 4,0412 | 3,571 |
| **Социјална грижа** | | | | | | |
| | | 525 633 | 516 333 | 9 300 | 0,8 | 1,77 |
| ЈКП „Комуналец“ | | | | | | |
| | | 107 600 | 62 600 | 45 000 | 3,8693 | 41,82 |

** 1 toe = 41.868 GJ = 11630 kWh*

# 8. ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Основниот капацитет на финансирање се однесува на способноста на општината да одвои средства за инвестиции за енергетска ефикасност од сопствениот буџет. Потребните инвестиции за спроведување на мерките за енергетска ефикасност во приоритетниот сектор за периодот од 2025 - 2027 година, се на ниво од 18 500 000 денари.

Финансиските извори за реализирање на активностите предвидени во програмата ќе бидат од различен карактер, од буџет на општина Неготино, од надлежни министерства, донации од домашни и странски донатори и други расположиви извори. Со кредит за енергетска ефикасност општина Неготино во наредниот период нема најава дека се задолжува.

За 2025 година, од буџет на општина Неготино, предвидени се средства во висина од 3 160 000.оо денари, донации од домашни и странски донатори во висина од

1 500 000.оо денари, средства кои ќе се искористат за подобрување на енергетски карактеристики на згради под општинска надлежност и подигање на свеста кај граѓаните за значењето на енергетската ефикасност и придобивките од неа.

Јавните институции обезбедуваат средства од ресорните Министерства како Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за култура итн.

# 9. ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Како одговорно лице за имплементирање на проектите за енергетска ефикасност од општина Неготино е назначен Ванчо Петров – раководител на заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарски плански регион, кој што и досега ги извршуваше задачите од областа на енергетската ефикасност. Има обврска да:

- Учествува во собирање на податоците за општинската потрошувачка на енергија; работи и управува со базата на податоци за потрошувачката на енергија на општината,
- Учествува во развивање и управување со програмата за мониторинг на потрошена енергија во објектите и услугите во надлежност на Општина Неготино.
- Учество во подготвување на општински енергетски буџет.
- Настојува да идентификува пристапи кон обезбедување на изворите на финансирање.
- Учествува во подготовка на тендери во соработка со вработените одговорни за тендерски процедури, преговарање и управување со надворешни консултанти ангажирани за спроведување на енергетски ревизии, развивање деловни планови, и управување со проекти.

Подготвува материјали за презентации, работилници, работни средби и друг вид на активности за подигање на свеста кај граѓаните за енергетската ефикасност и придобивките од неа, како во општината, така и во другите општини од Варадраскиот плански регион.

**Слика 1: Организациска структура за спроведување на програмата**



# ПРИЛОГ I
# ИНДИКАТИВНИ ЦЕЛИ ЗА ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

Стратегијата на РС Македонија, за подобрување на енергетската ефикасност до 2020 година ја поставува целта на забрзано усвојување на практики за ЕЕ во РС Македонија, така што до 2018-та година, потрошувачката на енергија требаше да биде барем 9% пониска од просечната, регистрирана за периодот 2002-2006 година. До 2020та година, целокупната заштеда на енергија се очекува да достигне 14,5 %, што е во близина на таргетираната цел на Европска Унија од 20%. Повеќето од овие заштеди се очекува да дојдат од градовите, со пониска употреба на електрична енергија и топлина во зградите, поефикасни јавни претпријатија, и поодржлив транспортен сектор.

Првиот Акционен План за ЕЕ на Република Македонија до 2018 година е формулиран со помош од USAID во согласност со Директивата на ЕУ 2006/32 / ЕС за енергетска ефикасност. Акциониот План дава преглед на мерките кои треба да и помогнат на Македонија да постигне 9% заштеда на енергија до 2018 година, како што е наведено во Стратегијата за Енергетска Ефикасност до 2020. Се проценува дека се потребни околу 406 милиони евра за имплементирање на овие мерки за енергетска ефикасност, кои се очекува да донесат крајна заштеда трошоци и енергија од околу 1,360 милиони евра (по цени од слободниот енергетски пазар). Поголемиот дел од мерките се фокусираат на градовите, а некои од нив се посебно прилагодени за Скопје (на пример, воведување на трамвајски систем во Скопје, или преработување на топлификационата мрежа во таа област).

# ПРИЛОГ I
# ИНДИКАТИВНИ ЦЕЛИ ЗА ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

Стратегијата на РС Македонија, за подобрување на енергетската ефикасност до 2020 година ја поставува целта на забрзано усвојување на практики за ЕЕ во РС Македонија, така што до 2018-та година, потрошувачката на енергија требаше да биде барем 9% пониска од просечната, регистрирана за периодот 2002-2006 година. До 2020та година, целокупната заштеда на енергија се очекува да достигне 14,5 %, што е во близина на таргетираната цел на Европска Унија од 20%. Поголемиот дел од овие заштеди се очекува да дојдат од градовите, со пониска употреба на електрична енергија и топлина во зградите, поефикасни јавни претпријатија, и поодржлив транспортен сектор.

Првиот Акционен План за ЕЕ на Република Македонија до 2018 година е формулиран со помош од USAID во согласност со Директивата на ЕУ 2006/32 / ЕС за енергетска ефикасност. Акциониот План дава преглед на мерките кои треба да и помогнат на Македонија да постигне 9% заштеда на енергија до 2018 година, како што е наведено во Стратегијата за Енергетска Ефикасност до 2020. Се проценува дека се потребни околу 406 милиони евра за имплементирање на овие мерки за енергетска ефикасност, кои се очекува да донесат крајна заштеда трошоци и енергија од околу 1,360 милиони евра (по цени од слободниот енергетски пазар). Поголемиот дел од мерките се фокусираат на градовите, а некои од нив се посебно прилагодени за Скопје (на пример, воведување на трамвајски систем во Скопје, или преработување на топлификационата мрежа во таа област).

При спроведување на фазата на планирање и подготовка на Програмата за енергетска ефикасност, општината треба да биде запознаена со националните индикативни цели; покрај тоа, таа треба да ги извршува целите на локално ниво.

Следнава табела ги дава националните индикативни цели за заштеда на енергија по сектор.

**Табела 28 :** Националните индикативни цели за заштеда на енергија во ktoe

| Националните годишно индикативни цели за заштеда на енергија во 2018та година (ktoe) | 147.2 |
|---|---|
| **Сектор** | **Предвидена годишна заштеда на енергија на крајот на 2018та година** |
| Станбен сектор | 40.51 |
| Комерцијален сектор и комуналии | 24.19 |
| Сектор за индустрија | 90.45 |
| Сектор за транспорт | 44.63 |
| Вкупно предвидени енергетски заштеди | 199.78 |

## Периодични надградби на ПЕЕ во согласност со забелешките и добиените резултати

Како дел од процесот на континуирано следење, имплементираните проекти можат да се оценат преку нивното влијание врз потрошувачката на енергија и намалување на емисиите на CO2. Врз основа на резултатите и набљудуваните проблеми, доколку воопшто има некој, може да се превземат дополнителни корективни и превентивни мерки и активности.

Резултатите од мониторинг и евалуација (M&E) може да доведат до промена и надградба на Програмата за енергетска ефикасност. Ажурираната ПЕЕ ќе послужи како основа за развој на Акциониот план за наредната година.

# ПРИЛОГ II
# НИВОА НА КОНТРОЛА НА ВЛАСТА

Национални заинтересирани страни (акционери)

- Градската власт е претставена или консултирана, заедно со градските власти од други градови во формулацијата на политиките на национално ниво. Една градска власт нема посебна предност во однос на друга.

Локални заинтересирани страни (акционери)

- Градската власт е претставена или консултирана како локална засегната страна (акционер) за прашањата надвор од нејзината надлежност.

Месниот комитет

- Градската власт е предводник или зема значајна улога во креирањето на локалната политика (на пример, планирање).

Повеќе-агенциски

- Градската власт има некаква контрола на еден или повеќе аспекти на овој сектор (регионални, регулаторни, буџетски), но ќе треба да вработи и други агенции за да се воведат промени

Креатор на Политика

- Градската власт е одговорна за формулирање на политиката на локална регулатива, но не може да има улога на извршување.

Регулатор / извршител (улога во регулација)

- Градската власт има силна регулаторна контрола над секторот и е во можност да креира и да спроведе законски регулативи, и каде што има можност да ги санкционира сторителите.

Контрола на Буџетот

- Градската власт има целосна финансиска контрола врз обезбедувањето на услугите, набавката на средства и развојот на инфраструктурата.

# ПРИЛОГ III
# КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ВОЗИЛА

Категоризацијата на возилата е направена во согласност со категоризацијата поставена од УНЕЦЕ (UNECE – The United Nations Economic Commission for Europe) во публикацијата Консолидирана резолуција за конструкција на возила[4]. Поделбата на типовите на возила е следна:

- M1 - возила дизајнирани да превозуваат патници, кои имаат, покрај седиштето за возачот, уште најмногу осум седишта
- M2 I - Градски автобус наменет за превоз на патници кој има, покрај седиштето за возачот, повеќе од осум седишта и максимална маса до 5 тони. Овој тип на возило има седишта како и простор наменет за стоење на патници
- M2 II - Мегу градски автобус наменет за превоз на патници, кој има, покрај седиштето за возачот, повеќе од осум седишта и максимална маса до 5 тони . Овој тип на возило има седишта како и простор наменет за стоење на патници, но само на преминот помеѓу седишта
- M2 III - Туристички автобус наменет за превоз на патници, кој има, покрај седиштето за возачот, повеќе од осум седишта и максимална маса до 5 тони . Овој тип на возило нема простор наменет за стоење на патници
- M3 - Градски автобус наменет за превоз на патници кој има, покрај седиштето за возачот, повеќе од осум седишта и максимална маса над 5 тони. Овој тип на возило има седишта како и простор наменет за стоење на патници
- M3 II - Мегу градски автобус наменет за превоз на патници, кој има, покрај седиштето за возачот, повеќе од осум седишта и максимална маса над 5 тони . Овој тип на возило има седишта како и простор наменет за стоење на патници, но само на преминот помеѓу седишта
- M3 III - Туристички автобус наменет за превоз на патници, кој има, покрај седиштето за возачот, повеќе од осум седишта и максимална маса над 5 тони . Овој тип на возило нема простор наменет за стоење на патници
- Тролејбуси
- Трамваи
- N1 - Возила за превоз на стока со максимална маса до 3,5 тони
- N2 - Возила за превоз на стока со максимална маса повеќе од 3,5 тони но до 12 тони
- N3 - Возила за превоз на стока со максимална маса до 12 тони
- L1 - Возило на две тркала со работен волумен на цилиндри, во случај на примена на мотор со внатрешно согорување, кој не надминува 50 см3, чија максимална брзина, независно од видот на погонот, не надминува 50 km/h

[4] ECE/TRANS/WP.29/78/Rev.2: Consolidated Resolution on the Construction of Vehicles (R.E.3)

- L2 - Возило на две тркала со работен волумен на цилиндри, во случај на примена на мотор со внатрешно согорување, поголем од 50 см3, чија максимална брзина, независно од видот на погонот, е поголема од 50 km/h
- L3 - Возило на три тркала, симетрично поставени во однос на подолжната оска на симетрија, со работен волумен на цилиндри, во случај на примена на мотор со внатрешно согорување, поголем од 50 см3, чија максимална брзина, независно од видот на погонот, е поголема од 50 km/h
- Т - Трактор

**Бр.08-765/3**

**29.04.2025година**

**Совет на општина Неготино**

**Претседател**

**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “ бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24 ) и член 79 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино,“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 ,13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **29.04.2025** година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за превентивна дезинфекција,дезинсекција и дератизација на територијата на општина Неготино за 2025 година**

**Член 1**

Се објавува **Програма за превентивна дезинфекција,дезинсекција и дератизација на територијата на општина Неготино за 2025 година** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на 29.04.2025 година .

**бр.09-851/2**
**30.04.2025 година**

**Општина Неготино**
**Градоначалник,**
**Горан Стојанов с.р.**

Врз основа на член 5 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20) и член 79 од Статутот на општина Неготино (Сл. гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24 “), а во врска со член 12, 13 и 14 став 2, како и член 40 и 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Советот на Општина Неготино на ден **29.04.2025** година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**За спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на општина Неготино за 2025 година**

**Член 1**

Согласно со одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести, Советите на Општините, по претходно стручно мислење – Стручен елаборат за вршење на дератизација во општина Неготино 2025 година и Стручен елаборат за спроведување и сузбивање на вектор – преносливи заболувања, донесуваат Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје.

Со оваа Предлог Програма се утврдуваат општите мерки, активности, извршители, рокови и извори на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2025 година.

**Мерки, цели и активности**

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и финансиските средства потребни за нивна реализација во 2025 година.

Програмата дефинира пет општи мерки за заштита на населението на Општина Неготино од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да придонесат за поткренување на нивото на заштита на населението од заразни болести.

**I.Општа мерка**

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ИСПРАВНОСТА НА ВОДАТА И ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

1. **ЦЕЛ**

Снабдување на населението со безбедна вода за пиење.

**АКТИВНОСТИ**

Населението во Општина Неготино се снабдува со вода за пиење од градскиот водоводен систем со кој стопанисува комуналното претпријатие Ј.П. Комуналец и од локални селски водоводи, јавни чешми и бунари.

2. **ЦЕЛ**

Контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување.

**АКТИВНОСТИ**

Центар за јавно здравје Велес, врши проценка на безбедноста на водата за пиење преку санитарно – хигиенски увиди на водоснабдителните објекти, земање на примероци вода и лабораториска анализа во однос на физичко – хемиски и микробиолошки параметри на примероците на вода.

Финансиските средства за спроведување на точка 1 ќе бидат обезбедени од буџетот на Ј.П. Комуналец и Општина Неготино.

**II. Општа мерка**

**ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ И ДРУГ ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД НА НАЧИН ШТО ЌЕ ОНЕВОЗМОЖИ ЗАГАДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА**

1. **ЦЕЛ**

Отстранување и одведување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

**АКТИВНОСТИ**

Во Општина Неготино одведувањето на отпадните води се врши во главниот колекторски систем, а го врши – ЈП „Комуналец“ Неготино.

Финансиските средства за спроведување на точката 1 ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈП „Комуналец“ Неготино.

2. **ЦЕЛ**

Отстранувањето на цврст отпад (смет) е континуиран процес што обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и надворешните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

**АКТИВНОСТИ**

Одржувањето на чистотата на јавните површини, празнењето и чистењето на садовите за смет од јавните површини и собирањето, изнесувањето и депонирањето на смет и други отпадоци од станбени, деловни и други корисни површини во Општина Неготино го врши ЈП, “Комуналец“ – Неготино.

Одржувањето на чистотата се врши според годишната програма за чистење на Јавното комунално претпријатие. Годишната програма содржи: динамика, начин и технологија на чистење, како и обем на работите со одделни и вкупни вредности на програмираните работи.

Финансиски средства за втората цел ќе се обезбедат од Буџетот на ЈП ,,Комуналец,, - Неготино и Буџетот на Општина Неготино.

**3. ЦЕЛ**

Заштита на вработените во Јавното комунално претпријатие, коишто вршат отстранување на отпадот и во својата работа се изложени на опасност заради контакт со ѓубре, со што би се спречило, првенствено настанување, а потоа и ширење на заразни болести.

**АКТИВНОСТИ**

- редовно обновување на опремата за работа (заштитна униформа, алат и сл.);
- задолжителна вакцинација по епидемиолошки индикации (активна имунизација против цревен тифус – задолжителна еднаш на три години); и
- систематски здравствени прегледи на вработените.

Финансиските средства за третата цел ќе бидат обезбедени од Буџетот на Комуналното претпријатие кое врши отстранувањена цврст отпад.

**III. Општа мерка**

**САНИТАРНО-ТЕХНИЧКИ И ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ ВО ЈАВНИ ОБЈЕКТИ - УЧИЛИШТА**

Училиштата се потенцијални жаришта на заразни болести, па поради тоа потребно е водење грижа во повеќе сегменти.

На територијата на општина Неготино има:

**- Средно училиште**

| |
|---|
| 1. СОУ – „Св. Кирил и Методиј“ – Неготино |

**- Основни училишта**

| |
|---|
| 1. ООУ „Гоце Делчев“ – Неготино + 4 подрачни |
| 2. ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино + 4 подрачни |

**- Општински јавни установи од областа на културата, социјалната и детската заштита**

| |
|---|
| 1. Локална библиотека „Страшо Пинџур“ - Неготино |
| 2. ЈОУДГ „Пролет“ – Неготино |
| 3. ЈОУДГ Фемо Кулаков „Мајски Цвет“ – Неготино |
| 4.ЈОУДГ,,Темјанушка“ – Неготино |
| 5.ООМУ ,,Владимир Арсовски“ – Неготино |
| 6. Музеј на град Неготино |

1. **ЦЕЛ**

Следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи со цел исклучување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најранливата група – децата.

**АКТИВНОСТИ**

- Вршење на здравствени прегледи врз вработени во погореспоменатите училишта согласно законските прописи.

Начинот на вршење, содржината на прегледите, видовите на прегледите на вработените, како и формата и содржината на санитарната книшка, ги пропишува министерот за здравство.

2. **ЦЕЛ**

Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните, предучилишни и социјални установи со цел создавање на безбедна средина.

**АКТИВНОСТИ**

Во училиштата превентивната дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна на секои 6 месеци, а ја вршат лица кои со закон се овластени да спроведуваат превентивни мерки на дезинфекција, дезинсекција и дератизација од јавно – здравствен интерес.

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштата се врши пред почетокот на второто полугодие.

3. **ЦЕЛ**

Создавање здрави поколенија преку постојано следење на здравствената состојба на учениците и нивна имунизација.

**АКТИВНОСТИ**

За систематските прегледи и вакцинациите на учениците, надлежен е Здравствен дом – Неготино, а се вршат според однапред изготвен распоред на екипите по што училиштата благовремено се известуваат за распоредот и термините.

По добивање на известувањето, училиштата се обврзани да ги преземат потребните активности. За таа цел, училиштата имаат назначено лице кое по известувањето од надлежната здравствена установа, пристапува кон активности за спроведување на истата.

Точните термини за вакцинација и систематски прегледи дополнително се определуваат, а се извршуваат во следните одделенија:

**За вакцинација**
**Одделение/гимназија**

| |
|---|
| I - 6 години |
| II - 7 години |
| VI - 12 години |
| IX - 14 години |
| |
| III/IV година гимназија – 18 години |

**За систематски преглед**

**Одделение**

| |
|---|
| I |
| III |
| V |
| VII |

Финансиски средства за активностите под цел 3 не се потребни.

4. **ЦЕЛ**

Одржување на беспрекорни хигиенски услови со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести.

**АКТИВНОСТИ**

- постојано одржување на хигиена на работните простории;
- постојано одржување на хигиена со дезинфекција во санитарните јазли;
- течен сапун во тоалетите;
- замена (каде што има потреба) на чучавци со WC школки;
- зголемување на бројот на хигиеничари;
- дезинфекција на водата за пиење онаму каде што нема.

Финансиски средства за извршување на општата мерка 4 ќе обезбедат училиштата од сопствените буџети.

**IV Општа мерка**

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНО – ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО**

**ЦЕЛ**

Промоција на здравјето и превенција од заразни болести преку здравствена едукација на учениците во основните училишта на територијата на општината.

Унапредување на здравјето и заштита на локалното население од ХИВ инфекција преку подигање на свеста, формално и неформално образование, превенција и рано откривање.

**АКТИВНОСТИ**

Во 2025 година, Советодавни и едукативни предавања во училиштата ќе се вршат и на други теми, согласно со потребите и можностите на Ј.З.У. „Центар за Јавно Здравје“ – Велес.

Финансиски средства за реализација на оваа цел не се потребни.

**V. Општа мерка**

**ВРШЕЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА И ДРУГИ ХИГИЕНСКО – ТЕХНИЧКИ МЕРКИ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

**ЦЕЛ**

Спречување на појавата на штетници кои предизвикуваат или се преносители на зарази.

Дезинсекција се извршува како мерка во борба против инсекти, а со цел спречување на ширење заразни болести каде што како вектори се јавуваат истите.
Дератизација се извршува како мерка во борба против глодарите, а со цел спречување на ширење на заразни болести каде што како вектори се јавуваат истите.

**АКТИВНОСТИ**

Дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата се изведуваат со стручна и техничка помош на Ј.З.У. „Центар за Јавно Здравје“ – Велес и правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со закон и прописи донесени врз основа на истиот.

Авиотретирањето против комарци ќе се врши со авио задимување и запрашување и на територијата на Општина (Неготино) на површина од 230 хектари во 2 наврати или со аеросолна дезинсекција од земја на следните локации:

**- Локации:**

| |
|---|
| 1. Течение на река „Темјаничка“ |
| 2. Депонија Бучето и јавно прометни површини и зеленило |
| 3. Целото градско подрачје |

Авиотретирањето или третирањето од земја се извршува во раните утрински часови, во периодот на месец **јули, август, септември, октомври и ноември**, а зависно од временските услови.
Вршење на превентивна Дезинсекција на критични точки во населени места и јавни површини на територијата на општина машинско распрскување со препарат (FIKAM) или аеро запрашување – препарат (COTRINE).
Отстапување од оваа редовна постапка ќе се изврши по претходно упатство од страна на ЈЗУ „Центар за Јавно Здравје“ – Велес.
Дезинсекцијата (третман против крлежи) на територијата на Општина (Неготино)ќе се врши на следниве јавни површини:

**- Јавна површина**

| |
|---|
| 1. Градски парк (Општина) и објект „Желкова куќа“ |

| |
|---|
| 2. Парк Саат КУЛА |
| 3. Споменик Манчо Малиминов |
| 4. Стадион Неготино и Гратски Стадион |
| 5.Парк кај градба Саат кула –наспроти градинка |
| 6.Игралиште парк-Тимјанички пат |
| 7.Игралиште парт-Музеј |
| 8.Парк – Спомен костурница |
| 9.Паркче – на Маршал Тито (Нона –заболекар) |
| 10 Паркче до градинка,,Темјанушка“ |

Хемиските третмани ќе се изведуваат во раните утрински часови. Операцијата ќе биде изведена во две фази, односно два последователни третмани, со меѓу период од три седмици (зависно од временските услови). За таа цел ќе се користат инсектициди регистрирани од Министерството за здравство на Република Северна Македонија.

Дератизацијата се врши со поставување на мамци во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќе бидат опфатени и отворите што служат за собирање на атмосферска вода. Вкупниот број на опфатени шахти изнесува 800, во два наврати и тоа: **јули – септември** и **октомври – декември**.

Потребно е хранлива подлога и родентицидниот препарат (на база на Bromadiolone, Brodifacoum и Difetialone)

Се предвидува поставување на мамечки места во јасно обележени и затворени мамечки кутии, кои ќе бидат фиксирани во ѕидот на основата од кејот.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансиски средства за извршување на дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина (Неготино).

За оваа намена Советот на општина Неготино има утврдено наменски финансиски средства во Буџетот за 2025 година преку Програмата за комунални дејности и тоа во потпрограмата Ј8 – Други комунални услуги во точка 2. Во Прилог 1. на оваа Програма е табелата Ј8, со ставките и издвоените средства за финансирање.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**Бр.08-765/4**
**29.04.2025 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на одлука за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2025 година**

Се објавува **Одлука за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2025 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **29.04.2025** година.

**Бр.09- 851/3**
**30.04.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на РМ ” бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18), „ Сл.весник на РСМ бр. 244/19,53/21,77/21), Закон за буџетите (“Службен весник на РМ” бр. 64/05, 4/08 , 103/08, 156/09 95/10, 180/11, 171/12 , 192/15 и 167/16 ) Законот за извршување на буџет на РСМ за 2025 година ( „ Службен весник на РСМ “ бр. 254/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (“Службен гласник на Општина Неготино” број 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 12/16, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **29.04.2025** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2025 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџет на општина Неготино за 2025 година

Во член 6 став 4, зборот „ наемнини“ се брише.

Во член 12 став 1 после зборот „ месечна“ се додава зборот „ нето“ .

Во член 13 став 2 се брише во целост.

Во член 15 програмата „ ДО – Градоначалник“ се заменува со програмата „ ЕО-Општинска администрација“ и се додава расходно конто 464990 – Други трансфери.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**Бр.08-765/5**
**29.04.2025 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на Општина Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на Општина Неготино ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **29.04.2025** година.

**Бр.09- 851/4**
**30.04.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

*Врз основа на член 20 б став 2 точка 15 од Законот за вработените во јавниот сектор* ***( „*** *Службен весник на РМ " бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ " бр. 143/19, 14/20 и 208/24 ) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино " бр . 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден* ***29.04.2025*** *година го донесе следното*

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на Општина Неготино**

**Член 1**

Се дава согласност на **Измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на Општина Неготино** со бр.**04- 695/1** од **23.08.2024** година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино " .**

**Совет на Општина Неготино**

**Бр.08-765/6**
**Претседател**
**29.04.2025 година**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно –технички работи и помошни работи во општина Неготино**

Се објавува **Заклучок за објавување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно –технички работи и помошни работи во општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **29.04.2025** година.

**Бр.09-851/5**
**30.04.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ" број 5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24), член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор („ Службен весник на РМ " бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ " бр. 143/19, 14/20 и 208/24) , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино ,, бр . 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22) и член 14 од Општиот колективен договор за јавен сектор (,,Службен весник на РСМ " број 154 од 20 јули 2023 година), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **29.04.2025** година го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**
**За изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно –технички работи и помошни работи во општина Неготино**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино, бр.08-399/4 од 17.06.2021 година, на Правилникот за изменување и дополнување на правилникотза утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино бр.08-769/22 од 29.12.2021 година, на Правилникот за изменување и дополнување на правилникотза утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино бр.08-295/4 од 18.04.2022 година , Правилникот за изменување и дополнување на правилникотза утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготинобр.08-882/25 од 28.12.2022 година, Правилникот за изменување и дополнување на правилникотза утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино бр.08-306/6 од 10.04.2023 година,Правилникот за изменување и дополнување на правилникотза утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино бр.08-529/4 од 20.06.2024 годинаи усогласување на минималнта плата 08-2930/1 од 22.03.2024 (службен весник бр.68/24) .

**Член 2**

- За работно место Командир на ТППЕ му се утврдува поголем износ на плата од 20% од платата предвидена за работно место Раководител на сектор
- За работно место Заменик Командир на ТППЕ му се утврдува поголем износ на плата од 20% од платата предвидена за работно место Раководител на сектор

Во членот 2 став 4 -табелата од Подгрупа 10 се менува и истата гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Командир на ТППЕ | 788 | бода |
| 2 | Заменик Командир | 788 | бода |
| 3 | Командир на чета | 562 | бода |
| 4 | Командир на одделение | 452 | бода |
| 5 | Пожарникар спасител-водач на група | 452 | бода |
| 6 | Пожарникар спасител-возач на специјално возило | 435 | бода |
| 7 | Пожарникар спасител | 435 | бода |

Во членот 4 став 2 -табелата од Група IV- Работни места на помошно-технички лица се менува и истата гласи:

**Група IV- Работни места на помошно-технички лица**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Одговорен за возен парк | 501 | бода |
| 2 | Курир | 501 | бода |

**Член 3**

Овој Правилник за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино,влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Неготино, а ќе се применува за исплата на платата од месец април2025 година.

**Бр.08-765/7**
**29.04.2025 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за определување на висината на комунална такса за користење на музика во јавни локали во општина Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Одлука за определување на висината на комунална такса за користење на музика во јавни локали во општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **29.04.2025** година.

**Бр.09- 851/6**
**30.04.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („ Сл.весник на РМ “ бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24 ) , член 20 став 1 тарифен број 5 (Службен весник на РМ ” бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на РСМ “ бр. 151/21 ) член 79 став 1 точка 5 од Статутот на општина Неготино (,, Сл. гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **29.04.2025** ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За определување на висината на комунална такса за користење на музика во јавни локали во општина Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува висината на комунална такса за користење на музика во јавни локали во општина Неготино.

**Член 2**

Висината на таксата е во износ од **6.000,00 денари годишно**

**Член 3**

Угостителските објекти комуналната такса од член 1 од оваа одлука ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општина Неготино.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**Бр.08-765/8**
**29.04.2025 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП,,ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО"Неготино**

Се објавува **Одлука за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО" Неготино ,** која Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **29.04.2025** година.

**Бр.09- 851/7**
**30.04.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” број 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 79 став 1 точка 34 од Статутот на општина Неготино ( Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), во врска со Барање за дотации на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино бр. 03-41/1 од 28.03.2025 година на ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **29.04.2025** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука од Буџетот на општина Неготино се преотстапуваат парични средства за дотации на **ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“** Неготино во износ од **1.000.000,00** денари.

Паричните средства за дотации се доделуваат заради покривање на тековни оперативни трошоци за нормално функционирање на јавното претпријатие,

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на Општина Неготино“.**

**Бр.08-765/10**
**29.04.2025 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈОУДГ„Фемо Кулаков”Неготино**

Се објавува **Заклучок за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈОУДГ„Фемо Кулаков”Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **29.04.2025** година.

**Бр.09- 851/8**
**30.04.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

*Врз односва на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ " бр.5/02 и„ Службен весник на РСМ " бр.202/24 ) , член 114 став 18 од Законот за заштита на децата („ Сл.весник на РМ " бр.23/13...198/18 и Сл.весник на РСМ бр. 104/19, 275/19, 311/20 ,294/21, 150/22, 236/22 и 17/25) и член 79 став 1 точка 29 Статутот на општина Неготино ( „ Сл.гласник на општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден* ***29.04.2025*** *година го донесе следното*

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков " Неготино**

**Член 1**

За член на **Управниот одбор на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков " Неготино** пред истекот на мандатот , а по предлог на Министерството за труд и социјална политика се разрешува :

- **Менче Ќупова**

За член на **Управниот одбор на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков " Неготино**, по предлог на Министерството за труд и социјална политика се именува :

- **Жаклина Лазова**

**Член 2**

Мандатот на именуваните лица изнесува 4 години, со можност за повторен избор.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино " .**

**Бр.08-765/10**
**29.04.2025 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за финансиското работење на ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година**

Се објавува **за усвојување на Годишен извештај за финансиското работење на ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **29.04.2025** година.

**Бр.09- 851/9**
**30.04.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 и Сл. Весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **29.04.2025** година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишен извештај за финансиското работење на ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го усвои **Годишниот извештај за финансиското работење на ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024** година бр.**02-47/3** од **25.03.2025** година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**Бр.08-765/11**

**29.04.2025 година**

**Совет на Општина Неготино**

**Претседател,**

**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административни службеници во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА " Кавадарци за 2025 година**

Се објавува **Заклучок за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административни службеници во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА " Кавадарци за 2025 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **29.04.2025** година.

**Бр.09- 851/10**
**30.04.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл.весник на РМ “ бр.5/02 ) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино („ Сл. гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седница одржана на ден **29.04.2025** година го донесе сленото

## Р Е Ш Е Н И Е

**за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административни службеници во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци за 2025 година**

**Член 1**

Се дава согласност на **Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административни службеници во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци за 2025 година** со бр. 02-58/2 од 03.04.2025 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**Бр.08-765/12**
**29.04.2025 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на даватели на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци за 2025 година**

Се објавува **Заклучок за давање согласност на Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на даватели на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци за 2025 година,**што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **29.04.2025** година.

**Бр.09- 851/11**
**30.04.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,, Сл.весник на РМ “ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ “ бр.202/24 ) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл. гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на седница одржана на ден **29.04.2025** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на даватели на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци за 2025 година**

**Член 1**

Се дава согласност **Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на даватели на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци за 2025 година** со бр. 02-58/1 од 03.04.2025 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**Бр.08-765/13**
**29.04.2025 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Заклучок за објавување Решение за доделување на еднократна парична помош,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **29.04.2025** година.

**Бр.09- 851/12**
**30.04.2025 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24 ), член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на **29.04.2025** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на лицето Наталија Коцева во износ од 30.000,00 денари. :

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**Бр.08-765/14**
**29.04.2025 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 6/2025

1. **Заклучок за објавување Програма за енергетска ефикасност за период 2025-2027 година на Општина Неготино**

2. **Програма за енергетска ефикасност за период 2025-2027 година на Општина Неготино**

3. **Заклучок за објавување Програма за превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на општина Неготино за 2025 година**

4. **Програма за превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на општина Неготино за 2025 година**

5. **Заклучок за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2025 година**

6. **Одлука за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2025 година**

7. **Заклучок за објавување Решение за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на Општина Неготино**

8. **Решение за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2025 година на Општина Неготино**

9. **Заклучок за објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно – технички работи и помошни работи во општина Неготино**

**10. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно – технички работи и помошни работи во општина Неготино**

**11. Заклучок за објавување на Одлука за определување на висината на комунална такса за користење на музика во јавни локали во општина Неготино**

**12. Одлука за определување на висината на комунална такса за користење на музика во јавни локали во општина Неготино**

**13. Заклучок за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП„ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО"Неготино**

**14. Одлука за преотстапување на парични средства за дотации на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО" Неготино**

**15. Заклучок за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈОУДГ „Фемо Кулаков" Неготино**

**16. Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈОУДГ „Фемо Кулаков" Неготино**

**17. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за финансиското работење на ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година**

**18. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за финансиското работење на ЗЈП Стационар ШЕПА Кавадарци за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година**

**19. Заклучок за објавување Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административни службеници во Заедничко јавно претпријатие**

**Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци**

**20. Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административни службеници во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци**

**21. Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на даватели на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци**

**22. Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на даватели на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР ШЕПА “ Кавадарци**

**23. Заклучок за објавување Решение за доделување на еднократна парична помош**

**24. Решение за доделување на еднократна парична помош**